Република Северна Македонија

Министерство за правда

<u>**Прва неофицијална верзија**</u>

# ЧЕТВРТ ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО МЕЃУНАРОДНИОТ ПАКТ ЗА ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА

**-за период од 2015 заклучно со 2021година-**

Значење на изразите и кратенки:

РСМ-Република Северна Македонија
МВР-Министерство за внатрешни работи
МТСП-Министерство за труд и социјална политика
НП-Народен правобранител
КЗД-Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
ДИК-Државна изборна комисија
ОТА-Оперативно техничка агенција
ОВККИПС-Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
УИС-Управа за извршување на санкции
ВПУ-Воспитно-поправни установи
КПУ-Казнено-поправни установи
КЗ-Кривичен законик
ЗНМ-Здружение на новинари на Македонија

**А.Општи информации за националната состојба со човековите права, вклучително и нови мерки и случувања во врска со спроведувањето на Пактот**

1. Молиме известете за сите значајни случувања во правната и институционалната рамка со кои се унапредуваат и штитат човековите права, кои се случиле во периодот од усвојувањето на претходните заклучни согледувања (CCPR/C/MKD/CO/3), вклучувајќи примери на случаи во кои националните судови се повикале на одредбите од Пактот). Во однос на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.6), молиме обезбедете информации за сите преземени мерки за подигање на свеста за постапката за жалби според Факултативниот протокол.

Во извештајниот период РСМ продолжи да ја надоградува правната и институционална рамка за ефективна заштита и остварување на човековите права согласно препораките на договорните тела на Обединетите нации и Советот на Европа.

Се спроведуваше Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година заради унапредување на независноста на судството, пристап до правдата и правично судење.

Беа донесени измени и дополнувања на Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка со цел јакнење на кривично правната заштита за делата на омраза, говор на омраза, родово базирано насилство, сексуална злоупотреба на деца, превенција од тортура и насилство спрема децата.

Министерството за правда и Македонското здружение на млади правници изработија Прирачник за поднесување на индивидуална жалба пред Комитетот за човекови права на Обединетите нации. Основна цел на прирачникот е да обезбеди едноставни насоки и чекори на постапување потребни во процесот на поднесување на индвидуална жалба пред овој комитетот.

Законот за Народниот правобранител беше усогласен со Париските принципи со што се унапреди институционлната поставеност на оваа институција во заштитата на човековите права.

По донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација беше конституирана Комисијата за заштита од дискриминација и Државната комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Во 2017 година се ратификува, а во 2018 година Владата на РМ го прифати Акцискиот План за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) за 2018-2023 година.

Во постапка на ратификација е Протоколот 16 кон Конвенцијата за човекови права и основни слободи а во 2021 година се потпиша Конвенцијата на Совет на Европа за фалсификување на медицински производи и слични кривични дела кои вклучуваат закана за јавното здравје.

**Б. Конкретни информации за спроведувањето на членовите 1-27 од Пактот, вклучително и во однос на претходните препораки на Комитетот**

**Уставна и законска рамка во која се спроведува Пактот (чл.2)**

2. Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.5), молиме да ги опишете преземените мерки за целосно усогласување на Канцеларијата на Народниот правобранител со начелата што се однесуваат на Статусот на националните институции (Парисските принципи). Молиме да вклучите информации за статусот и финансиските импликации на планираните измени на Законот за Народен правобранител; за човечките и финансиските ресурси кои се обезбедени на Канцеларијата на Народниот правобранител во текот на извештајниот период; и преземените чекори со цел да се обезбеди доследна имплементација на Препораките на Народниот правобранител.

Во 2016 година донесени се измени и дополнувања на Законот за Народниот правобранител во насока на исполнување на критериумите за национална институција со статус А. Со овие измени се изврши усогласување на Законот за Народниот правобранител со Парисските принципи преку воведување на промоција на човековите слободи, плуралистички пристап во изборот на раководните функции во институцијата и финансиската независност на оваа институцијата.

НП добива овластување во рамките на надлежноста да поднесе барање до Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во Собранието на РСМ за испитување на случаи на повреда на уставните и законски права и преземање мерки.

Значајна новина со овие измени е воспоставувањето дополнителен механизам што ќе овозможи спроведување на посебните извештаи во врска со попреченоста на работата на НП и за непочитување и неспроведување на неговите барања, предлози, мислења, препораки или укажувања. Согласно годишниот извештај на НП за 2021 година од вкупно 755 предмети во кои утврди повреди и ги презеде сите законски дејствија во 66 % надлежните институции ги прифатија интервенциите на НП.

Во 2018 година дадена е согласност за вкупно десет нови вработувања. Буџетот на НП во 2018 година е зголемен за 5.3% во однос на 2017 година, додека во 2019 година е зголемен за 10% во однос на 2018 година.

**Антикорупциски мерки (чл. 2 и 25)**
3. Молиме наведете информации за: (а) постоечките правни и институционални рамки, вклучително и за Законот за спречување на корупцијата, како и статусот на Специјалниот јавен обвинител и работата на Државната комисија за спречување на корупција; (б) напорите да се истражат, гонат и осудат сторителите на корупција, вклучително и информации за статусот на случајот против поранешниот министер за транспорт и врски г-дин Миле Јанакиески и сите други јавни функционери на високо ниво кои се гонат за корупција и поврзани обвиненија; (в) конкретните чекори преземени за справување со корупција во полицијата, судството и затворскиот систем.

Унапредена е анти-корупциската правна рамка. Со измените од 2018 година, Законот за заштита на укажувачи е усогласен со стандардите на Советот на Европа, а во 2019 година започнаа активности во насока на негово усогласување со ЕУ Директивата 2019/1937.

Во 2019 година донесен е нов Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Осовременети се одредбите за интегритетот во јавниот и приватниот сектор, вградени се препораките кои се однесуваат на Државната комисија за спречување на корупцијата и следењето на имотната состојба и интересите.

Со Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2019година олеснет е пристапот до информациите од јавен карактер.

Во јуни 2022 година започна со примена новиот Закон за лобирање со кој се утврдени балансирани обврски во обезбедувањето на информациите кои се објавуваат за лобирањето и проактивна транспарентност на институциите.

Во постапка на ратификација е Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба.

Еден од замениците на Претседателот на Владата е задолжен за политики за добро владеење. Одговорен е и за следење на спроведувањето на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Со измените на Законот за внатрешни работи донесени во 2022 година согласно препораките на GRECO утврдена е исклучива надлежност на Директорот на Бирото за јавна безбедност да издава наредби од областа на оперативното работење на полицијата. За вработените во МВР утврдена е обврска за поднесување изјава за имотна состојба и интереси како и забрана за членување на вработените во политичка партија.

Со Законот за полиција утврдени се построги услови кои треба да ги исполнува началникот на полицијата. Покрај тоа што е потребно да прогласи отсуство на судир на интереси и да има положено тест за интегритет, началникот на полицијата подлежи на безбедносно одобрување и на забрана за членување во политичка партија или тело на политичка партија.

МВР донесува годишна антикорупциска програма која предвидува мерки за сузбивање на корупцијата заснована на идентификуваните ризици и објави Политика за интегритет и квалитет.

Во 2020 година донесен е Етички кодекс за однесување на работниците во МВР. ОВККИПС изготви Програма за јакнење на етичките капацитети кај вработените во МВР која предвидува спроведување на обуки и работилници. Во 2019 година, Врховниот суд донесе нов Кодекс за судиска етика.

Со започнувањето на примената на Законот за јавното обвинителство од 2020 година, на 30 јуни 2020 година престана важењето на Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и со тоа згасна Специјалното Јавно обвинителство. Предметите од надлежност на ова обвинителство се преземени и распоредени на натамошно кривично гонење од Јавно Обвинителство на РСМ.

Во октомври 2021 година, Јавното Обвинителство на РСМ, МВР и Управата за финансиска полиција се приклучија на Мрежата Глобе на UNODC. РСМ стана членка на Управниот комитет на Мрежата, во ноември 2021 година.

Во извештајот на Европската Комисија за напредокот за 2021година забележано е следното: „Земјата продолжи да го консолидира својот учинок во истрагата, гонењето и судењето на неколку случаи на корупција, вклучително и на високо ниво и ја зајакна

својата институционална рамка, особено Државната комисија за спречување на корупцијата и Обвинителството за организиран криминал и корупција.“

УИС изработи План за спречување на корупција во националниот затворски систем на РСМ (2022-2026). Изработени се Годишни планови за спречување на корупција на УИС и сите КПУ и ВПУ. Во УИС и сите КПУ и ВПУ изработени се интерни процедури за прием на пријави од укажувачи. Одржани се и обуки за подигање на свеста за борбата против корупција на ново примени припадници на затворска полиција, како и на раководниот кадар во установите.

Во периодот од 2017 до 2021 година, вкупно биле оформени 299 предмети, од кои 60 се предмети од висок профил или процентуално изразено 20,1 % од сите оформени предмети во тој период. Во истиот период, во 154 предмети донесени се Наредби за спроведување истрага. Во извештајниот период по завршените истражни постапки поднесени се 73 обвиненија, а донесени се 66 пресуди од кои 33 се правосилни. Изречена е една мерка за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети.

Најголем број од предметите се за кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овластување по чл. 353 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело по чл.273 од КЗ, Несовесно работење во службата по чл. 353-в од КЗ, Примање награда за противзаконито влијание по чл.359 од КЗ, Примање поткуп од чл. 357 од КЗ, а во помал број и други кривични дела меѓу кои и кривично дело Измама на штета на средства на Европската заедница по чл. 249-а од КЗ.

Во предметите за корупција од висок профил, како сторители се јавуваат високо позиционирани носители на јавни функции, како што се еден поранешен премиер, поранешни министри, градоначалници, помошници министри, генерални секретари на Влада, претседател на ДИК, судии, јавни обвинители. Па така против поранешниот премиер се водат 6 предмети, против поранешни министри се водат 21 предмет, против поранешни генерални секретари на Влада 3 предмети, против поранешен судија 1 предмет, против поранешен јавен обвинител 1 предмет, против поранешен директор на тајната служба 5 предмети. Покрај овие, како сторители се јавуваат и вработени во општини, членови на управни одбори, членови на комисии за јавни набавки, директори на јавни претпријатија и фондови, вработени во МВР.

По однос на изречените кривични санкции за извештајниот период се забележува позитивен тренд на бројот и видот на изречените санкции. Па така во текот на 2017 година и 2018 година се изречени вкупно 4 кривични санкции, додека од 2019 година е забележителен трендот на зголемен број на пресудени предмети од областа на корупцијата, при што во текот на 2019 година изречени се вкупно 11 кривични санкции, во 2020 година 27 кривични санкции и во текот на 2021 година изречени се 23 кривични санкции. Во овој период, за три лица се изречени по 15 години казна затвор, за 2 лица се изречени по 12 години казна затвор, за 2 лица по 9 години казна затвор, за 2 лица по 8 години казна затвор и така натаму.

Од анализа на податоците произлегува дека поголем број на постапки се водени против поранешни носители на јавни функции, но од 2019 година се водат постапки и против актуелни носители на јавни функции. Пример за ова е завршената постапката против еден јавен обвинител, како и кривичните постапки што се водат против двајца генерални секретари на Влада.

**Недискриминација (чл. 2, 19, 20 и 26)**

4. Молиме да ги опишете законодавните и другите мерки преземени во периодот на известување со цел за спречување и борба против дискриминација врз основ на сексуална ориентација, пол, родов идентитет, попреченост, социо-економски статус, возраст, раса, етничка припадност, религија, ХИВ статус и/или националност. Вклучете информации за статусот на мерките за измена и имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година како и сите преземени чекори за обезбедување независно и ефективно функционирање на КЗД.

Во насока на зајакнување на кривично правната заштита на дискриминацијата, во 2018 година беа донесени измени и дополнувања на Кривичниот Законик со кои се инкриминираат делата на криминал од омраза. Согласно овие измени во член 122 се додаваат два нови става, од кои едниот е став (42) во кој се воведува дефиниција на дело од омраза: „Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите на овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.“ Исто така, се пропишува криминалот од омраза како квалификаторен облик на конкретните дела. Во Програмата за теоретска настава за 2020/2021 по која се спроведуваше теоретската настава за седмата генерација слушатели на почетната обука за судии и јавни обвинители, предвидено е изучување на сите кривични дела а со тоа и на кривичните дела кај кои мотивот на извршување се заснова на предрасуда.

Во 2020 година е донесен Законот за спречување и заштита од дискриминација. Собранието на РСМ го избра составот на професионална и експертска Комисија за спречување и заштита од дискриминација на 25 јануари 2021 година која што започна со работа.

Законот обезбедува независност и ефективно функционирање на Комисијата преку нејзиниот правен субјективитет, статусот, условите за избор на членовите и независноста во располагањето со буџетот. Комисијата доби нови надлежности во согласност со Париските принципи и започна со работа.

Заради спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација изработени се: нацрт текст на измени и дополнување на Кодексот на административни службеници и нацрт Методологија за собирање на податоци и упатство за должностите на јавниот сектор.

Со поддршка од Советот на Европа/Европска унија започнат е процес на изготвување на предлози за измени на закони, а заради нивно усогласување со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Донесена е Стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026 година. Формирани се Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешките документи во оваа област и Работна група за подготовка на Нацрт Нацонален акциски план за правата на лгбти+ лицата. Дадена е поддршка на граѓанскиот сектор за отварање на прва СОС линија.

5. Имајќи ги предвид претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.8), молиме дискутирајте дали е постигнат напредок во периодот на известување за да се осигурате дека некој од реформите на Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година вклучуваат експлицитна забрана на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Опишете ги и напорите во периодот на известување за спречување и казнување на криминалот од омраза и говор на омраза против лгбти лицата, вклучувајќи какви било чекори, како што се обука и јавност, кампањи за подигање на свеста, за справување со стигмата и дискриминаторските ставови, како и мерки за обезбедување соодветен број истраги, обвиненија и пресуди за таквите кривични дела.

Законот за спречување и заштита од дискриминација забранува дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Во текот на извештајниот период, поднесени се 32 кривични пријави поврзани со криминал од омраза и говор на омраза против лгбти+ лицата и по истите е постапено, при што: поднесени се четири обвинителни предлози во однос на кои од страна на надлежниот суд се изречени три осудителни и една ослободителна пресуда, 21 кривична пријава се отфрлени, а постапувањето по седум кривични пријави е во фаза на предистражна постапка.

МТСП во соработка со Совет на Европа го спроведува проектот: „Промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија‘‘ чија цел е зајакнување на капацитетот на националните и локалните засегнати страни за подобро решавање на прашањата поврзани со антидискриминацијата, борбата против говорот на омраза и заштита на правата на лгбти+ лицата во согласност со стандардите и препораките утврдени од Совет на Европа.

6. Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.8), молиме: (а)обезбедете информации за: резултатите од Стратегијата 2014-2020 за Ромите и појаснете дали е усвоена нова стратегија; (б) опишете го конкретниот напредок постигнат во зголемување на учеството на Ромите во политичкиот и јавниот живот; (в) одговорете на наводите дека структурната дискриминација со која се соочуваат Ромите влијаеше на нивната ситуација за време на КОВИД-19 пандемијата, вклучително и на неможноста да пристапат до владината финансиска поддршка и на барањето, во одредени случаи, да се придржуваат до построги протоколи за јавно здравје отколку не-Ромите, како како и соочувањето со бариери за пристап до здравствена заштита и вакцини.

Генерален заклучок е дека спроведувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националниот акциски план за 2016-2020 има лимитиран прогрес во делот на постигнувања по приоритетните области. Остануваат клучните предизвици во процесот на спроведување на оваа стратегијата и акционите планови - намалување на невработеноста и трансформација на неформалната економија во формална, урбанизација на ромските населби и легализација, премин од основно во средно образование на ученици Роми, додека пак во областа на здравството, краткиот животен век на Ромите и високата стапка на смртност кај новороденчињата.

Подготвена е нова Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030, која е усвоена од Владата на РСМ во која се опфатени шест клучни области. Во тек се преговори за подготовка на Национални Акциони планови во рамки на Стратегијата по одредените области.

Институционалната поставеност за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 вклучува: Национална контакт точка за Роми, Национален координатор за имплементација на Стратегијата, Национално координативно тело за имплемнтација на стратегијата, Секторска работна група за интеграција на Ромите и Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Ромите во рамки на Собранието на РСМ.

Постојана е заложбата и активностите за поголемо вклучување на Ромите и нивен опфат во сите нивоа на образование, зголемување на вработеноста, како и учеството на ромите во политичкиот и јавниот живот. Во парламентарниот состав за 2020-2024 година, има една пратеничка Ромка, додека на локално ниво, на последните локални избори одржани 2021 година, ромските политички партии се застапени со 13 советнички места во општините или 1,56%. Еден градоначалник Ром е од општината Шуто Оризари-Скопје. Во 2021 година, вкупниот број на Роми вработени во јавниот сектор изнесува1.344 лица.

Предизвиците со кои се соочи здравствениот систем за време на пандемијата со Ковид 19 ги почуствуваа и припадниците на ромските заедници како ранлива категорија на граѓани. Постојните бариери со непристапност до одредени здравствени услуги и установи, немањето на потребната лична документација заедно со недоволната едукација и неинформираност на дел од ромската заедница имаше влијание за одржување на ниво на квалитетна здравствена заштита во која спаѓа и редовната вакцинација на децата како и вакцинацијата против Ковид-19.

**Родова еднаквост (чл. 3 и 26)**

7. Имајќи ги предвид претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.9), молиме наведете информации за: (а) мерките преземени од државата членка за подобрување на учество на жените на пазарот на трудот и јавниот живот, особено на лидерските позиции, вклучувајќи какви било привремени мерки и/или чекори за решавање на бариерите за учество на жените и постигнатите резултати; (б) дали има напредок во намалувањето на родовиот јаз во платите постигнати во текот на извештајниот период; (в) како пандемијата со COVID-19 влијаеше на еднаквоста меѓу мажите и жените и сите насочени мерки преземени за спречување, ублажување и/или отстранување на таквите ефекти.

Со Програмата за самовработување, се доделуваат неповратни средства за отворање на бизниси. Постојано се зголемува учеството на жените во отворање на сопствени бизниси. Така во 2020 година учеството на жените во Програмата за самовработување е 29,9% а веќе во 2021 година е 42,7% што евидентено е зголемен интересот на жената за водење на сопствен бизнис.

Во рамки на годишните оперативни планови за вработување, се реализираат и мерки за обуки за напредни вештини за информатичка технологија. Во 2020 година во овие обуки биле вклучени 42% жени додека овој процент во 2021 година се зголемил на 49% што укажува на зголемување на процентот на вклучување на жените во овие обуки. Една од главните заложби на МТСП е отворање на нови можности и подобрување на постојните, за што поголемо и квалитетно вклучување на жените во општествено економскиот живот во РСМ.

Во 2022 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу МТСП и Здружението ХЕРА за здравствена едукација и истражување за изработка и имплементација на посебни мерки и активности насочени за вработување на жената Ромка.

Со цел справување со Ковид-19 на 10 март 2020 година Владата донесе мерка со која го прекина воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки и основни училишта. Истовремено, беше донесена одлука еден од родителите чии деца до десетгодишна возраст посетуваат настава во градинка или во основно училиште, да биде ослободен од работните обврски. Владата им препорача на работодавачите, во зависност од типот на работата и од можностите, да ја приспособат работата да се извршува од дома. Владата на РСМ донесе пет пакети мерки насочени кон справување со негативните последици врз економијата. Во рамки на овие пакети, донесени се околу 70 различни мерки, со кои се опфатени и поддржани субјектите и физичките лица погодени од пандемијата.

“Во јавниот сектор постои родов паритет, при што од вработените во јавниот сектор од вкупно 112.777 вработени во јавниот сектор, жени се 62.356 односно 55,29%, додека мажи се 50.421, односно 44,71%. Учество на жената во јавниот сектор се подобрува како резултат на постојаното подобрување на изборната регулатива. Доколку се анализира распределбата на мажите и жените по вид и дејност на институции може да се заклучи дека жените се најмногу застапени во Уставниот суд на Република Северна Македонија(79,49 %) потоа Советот на јавните обвинители (75%), Судскиот совет (72,73%), Јавното обвинителство (70,77%) и јавните установи (68,20%). Најголема застапеност на мажите има во јавните претпријатија (82,87%).

Во однос на дејностите, жените се најзастапени во областа труд и социјала (82,11%), особено јавните установи за социјална и детска заштита. Исто така значително е процентуалното учество на жените и во уште два крупни сектори: здравство (72,48%) и образование (65,74%).”[1]

Вклученоста на жените во Собранието на Република Северна Македонија изнесува 40.8 % од вкупниот број на пратеници односно 49 пратенички кои го сочинуваат истоимениот клуб на пратенички. На локално ниво стапката е ниска и изнесува две од вкупниот број на градоначалници (81) на локално ниво во државата. Учеството на жените во извршната власт е сè уште ниско.

“Достапните информации за нето-платите покажуваат дека жените заработуваат помалку од мажите во сите категории плати. Меѓутоа, со текот на времето, платите на жените постојано се зголемуваат. Овој тренд е поттикнат од зголемувањето на минималната плата, кое беше воведено во 2012 година за одредени сектори, какви што се текстилната и кожарската индустрија, како ниско платени сектори во кои несразмерно поголем број од вработените се жени. Со текот на времето може да се забележат и промени во структурата на платите на вработените жени. Во текот на деценијата од 2009 до 2019 година, драстично се намалил бројот на жени што примаат плата до 12.000 денари, а се зголемил бројот на жени што примаат плата меѓу 12.000 и 16.000 денари, како и на жените што примаат плата од 20.000 до 25.000 денари.”[2]

---

[1] Извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор за 2021 година,март 2022г: https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/finalen-izveshtaj_2021_rabotna_30.03.2022.pdf

[2]Жените и мажите во Северна Македонија: Статистички портрет на трендовите во областа на родовата еднаквост во 2022година: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2022/MK_WandM-NMK-Report_WEB_0.pdf

**Насилство против жената, вклучувајќи и домашно насилство (член 2, 3, 6, 7 и 26)**

8. Во врска со претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.10) молиме да обезбедите информации за: (а) одделни податоци за бројот на жалби, истраги, гонење и пресуди за сите форми на насилство врз жените за време на периодот на известување, вклучително и правната основа за пресуди и дали Кривичниот законик е ревидиран за да ги вклучи сите форми на насилство врз жените и девојчињата, вклучително и силувањето во бракот и фемицидот, како конкретни кривични дела; (б) чекорите преземени за да се обезбеди помош и пристап до правда за жртвите на насилство врз жените, вклучувајќи го и бројот на достапни засолништа и дали девојките на возраст од 16 до 18 години, како и жените-бегалци и жените-мигранти можат да пристапат до нив; (в) сите насочени мерки што се преземени за заштита на жените од родово базирано насилство, вклучително и семејно насилство, за време на пандемијата со COVID-19.

Со ратификацијата на Истанбулската Конвенција во 2018 година РМ изрази подготвеност за преземање законодавни и други мерки заради обезбедување на правна, институционална и организациска рамка за превенција на насилството врз жените, заштита на жртвите на насилство како и казнување на сторителите на насилството.

Во 2021 година се донесе Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Со поддршка на Канцеларијата на UNFPA се донесоа четири подзаконски акти, а изработени се Протоколите за меѓусебна соработка помеѓу институциите/организации и за реинтеграција на жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство.

Изработени се измени и дополнувања на Кривичниот Законик во кои се вградени стандардите на Истанбулската Конвенција и Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство. Со овој закон, жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство имаат право на надомест на штета согласно одредбите на овој закон.

Во Глава VIII од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се содржани одредби за итни и привремени мерки за заштита: Во став 1 од член 57 се уредува дека заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство, се изрекува итна мерка за заштита и тоа отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на Министерството за внатрешни работи без согласност на жртвата.

Предлогот за изрекување на итна мерка за заштита, Министерството за внатрешни работи го доставува до надлежниот суд по направената проценката на ризикот од членот 50 став (2) од овој закон и полицискиот извештај од членот 49 став (7) од овој закон. Итната мерка за заштита од ставот (1) на овој член се изрекува во траење од најмалку десет, а најмногу до 30 дена.

Во Член 58 се содржани Привремените мерки за заштита во кои меѓу другие се: забрана да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно комуницира со жртвата,забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата и.т.н.

Во Член 59 се утврдува дека Министерството за внатрешни работи е должно да поднесе предлог за изрекување на итна мерка за заштита од членот 57 од овој закон до надлежниот суд заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство.

Во став 1 Член 62 се определува дека привремената мерка за заштита од членот 58 од овој закон, може да трае најмалку три месеци, а најмногу до една година. Доколку насилството продолжи по истекот на периодот за кој е изречена привремена мерка за заштита во рамките на рокот од една година од ставот (1) на овој член, жртвата или центарот за социјална работа можат да поднесат барање за продолжување на мерката/ите.

Во Член 64 се уредува Изрекувањето на привремени мерки за заштита.Судот, веднаш а најдоцна во рок од 24 часа по приемот на предлогот од Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај, без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување на итна мерка за заштита отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот од членот 57 од овој закон.

Судот во рок од шест часа од донесување на одлуката ја доставува до надлежната полициска станица по местото на извршување, која веднаш а најдоцна во рок од 12 часа по приемот на одлуката, ја доставува до сторителот на родово-базирано насилство врз жена и друга жртва на семејно насилство. ( Член 70 став 1)

Во Член 73 се уредува извршувањето на итната и привремените мерки за заштита. Правата на жртвата се уредени во член 53-56 од Законот за кривичната постапка: Во член 53 се утврдува дека: Жртвата на кривично дело ги има следниве права: да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета, на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка и на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела.

Во Член 54 се уредени посебни права на ранливи категории жртви а во Член 55 се содржани посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право.

Центрите за социјална работа интензивно соработуваат со здруженијата кои работат на проблематиката на семејно насилство. Согласно Одлуката на Владата за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејното насилство, МТСП во 2020 година склучи договори со четири здруженија кои даваат специјализирани услуги на жртвите на семејно насилство: СОС линија, Кризно сместување 24/48часа, Сместување во засолниште до една година и Психо-социјален третман на жртви на семејно насилство во советувалиште.

За време на пандемијата со Ковид-19, Владата на РСМ и МТСП преземаа мерки и активности за помош, поддршка и заштита на жените жртви на насилство и семејно насилство кои меѓу другото вклучуваат:

a. МТСП во соработка со партнерските организации обезбеди поддршка во вид на прехранбени и хигиенски пакети за сите регистрирани жени жртви на семејно насилство, односно дистрибуирани беа 359 пакети со храна и 359 хигиенски пакети,
b. изработен е Протокол за превенција и контрола од Ковид-19 за услугата привремен престој за жртвите на семејно насилство,
c. еднаш неделно се одржуваа заеднички состаноци со здруженијата, надлежните институции и во координација со Кризниот Штаб при Влада на РСМ, со цел заедничко преземање на конкретни мерки и активности и координирано постапување и заштита,

d. МТСП и МВР координирано постапуваа во случај на семејно насилство и за време на полициски час и
e. стручните лица од центрите за социјална работа имаа дозвола за непречено движење и за време на полициски час, со цел жртвите да ја добијат потребната заштита и поддршка. Во периодот на полициски час, жртвите на семејно насилство беа иземени од одлуката за забрана на движење.

Во Прилог 1 е содржан Извадок од посебениот звештај од НП од спроведеното истражување за состојбата со семејното насилство во РСМ во 2019 година за период од јануари до мај 2020 година.

**Вонредна состојба (член 4)**

9. Молиме наведете информации за мерките преземени од државата-членка за решавање на Пандемијата со COVID-19 и правната основа на таквите мерки. Конкретно, молиме наведете дали некои такви мерки отстапуваат од обврските на државата членка согласно Пактот. Доколку е така, молиме наведете дали мерките биле строго барани и пропорционални на потребата од ситуацијата и ограничени во времетраење, географска покриеност и материјален опсег, како што е наведено од страна на Комитетот во неговата изјава за отстапувања од Пактот во врска со пандемијата со COVID-19.

Врз основа на член 58 ставот 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести, Владата на РСМ на 12 март 2020 година донесе Одлука за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус Ковид-19[3] по која веднаш следеше Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија[4] заради спречување на внесување и ширење на коронавирус Ковид-19, за подрачјето на општина Дебар и Центар Жупа, со времетраење од 30 дена. Оваа одлука беше донесена врз основа на член 31 ставот 1 од Законот за управување со кризи.

Постапувајќи согласно овој Закон, Владата на РСМ на 14 март 2020 година донесе Одлука за формирање на Главен координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Ковид-19.

Судскиот совет и Јавниот обвинител на РСМ донесоа навремени одлуки со кои се организираше работата во судовите и јавните обвинителства за време на пандемијата и вонредната состојба прогласена од Претседателот на државата. Постапката по итните предмети не се одложуваше, а течењето на роковите за заштита на правата на граѓаните пред суд за време на вонредната состојба беше запрено согласно Уредба донесена од Владата. Со ова сите права на граѓаните за пристап до правда беа загарантирани и запазени. Судењето во разумен рок за итните предмети определени со закон и Одлуките не беше доведено во прашање.

Донесени се пет Одлуки за утврдување на постоење вонредна состојба од Претседателот на РСМ врз основа на образложениот предлог на Владата на РСМ бр. 44-2329/1 од 18.3.2020 година до Собранието на РСМ, во кој се утврдува постоење на пандемска епидемија прогласена од Светската здравствена организација за нов вид на вирус кој е проширен на сите континенти и ја зафаќа територијата на РСМ и известувањето од

[3] Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, ("Службен весник на РСМ бр.62/2020),
[4] Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, („Службен весник на РСМ" бр.62/2020)

Претседателот на Собранието на РСМ бр. 09-1690/2 од 18.3.2020 година дека Собранието на РСМ согласно со Одлуката за распуштање на Собранието на РСМ „Службен весник на РСМ" бр. 43/20, не може да свика седница на која ќе се разгледа предлогот поднесен од Владата на РСМ:

a. Одлука за утврдување на постоење вонредна состојба бр. 08-526/2 од 18.03.2020 година, за период од 30 дена,
b. Одлука за утврдување вонредна состојба бр.08-607/2 од 16 април 2020 година, за период од 30 дена,
c. Одлука за утврдување вонредна состојба бр. 08-682/2 од 16 мај 2020 година, за период од 14 дена,
d. Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр.08-729/2 од 30 мај 2020 година, за период од 14 дена и
e. Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр.08-777/3 од 15 јуни 2020 година, за период од 8 дена, донесена заради подготовка и спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со мерки за заштита на јавното здравје во услови на пандемија на коронавирусот Ковид-19.

Уставните одредби каде изрично е уредена материјата која се однесува на вонредната состојба беа темелите на општественото живеење во време на траењето на вонредната состојба. Член 54 од Уставот на РСМ во кој се уредува дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Евентуално ограничување на човековите слободи и права може да дојде само во случаите кога тоа е предвидено со Уставот.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба, според одредбите на Уставот.

Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имот или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Оваа одредба упатува на тоа дека Уставот на Република Македонија предвидува два вида на ограничувања на човековите слободи и права: ограничувања кои се таксативно утврдени при гарантирањето на одделни слободи и права и општа одредба за ограничување на слободите и правата за време на воена или вонредна состојба.

Првиот вид на на ограничувања е предвиден кај следниве слободи и права: неприкосновеноста на слободата на човекот (член 12 од Уставот); тајноста на писмата (член 17 став 1 од Уставот); слободата на здружување (член 20 од Уставот); правото на мирно собирање (член 21 од Уставот); неповредливоста на домот (член 26 од Уставот); правото на слободно движење на територијата на Републиката и на слободно избирање на местото на живеење (член 27 од Уставот); правото на сопственост (член 30 од Уставот); правото на основање синдикати (член 37 од Уставот); и правото на штрајк (член 38 од Уставот).

Поимите воена и вонредна состојба ги дефинира самиот Устав во член 124. Вонредна состојба, според член 125 од Уставот, настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии. Воена состојба прогласува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници по предлог на Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници.

Ако Собранието не може да се состане, одлука за прогласување на воена состојба донесува претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието на потврдување штом тоа ќе биде во можност да се состане.

Истите правила важат и во поглед на вонредната состојба, со таа разлика што Уставот предвидува дека одлуката со која се утврдува постоењето на вонредната состојба има важност најмногу 30 дена. При постоење на воена или вонредна состојба Владата во согласност со Уставот и со закон донесува уредби со законска сила.

Со таквата уредба со законска сила не се суспендирани уставните одредби, што значи ни соодветните права, туку единствено може да се предвиди построг и порестриктивен режим на нивно остварување (на пример, во однос слободата на движење и настанување и сл.). За времетраењето на вонредната состојба, Владата на Република Северна Македонија донесе 250 Уредби со законска сила.

**Доброволно прекинување на бременоста и сексуалните и репродуктивните права (членови 6, 7 и 8)**

**10.** Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.11), молиме разговарајте за какви било мерки преземени во периодот на известување со цел да се олесни пристапот на жените до безбеден и легален абортус. Вклучете информации за материјалната страна и имплементацијата на Законот за абортус (прекинување на бременост) од 2019 година, како и за сите преземени чекори за дестигматизирање на абортусот во државата-членка. Молиме одговорете и на наводите дека жените не можат да пристапат до владините услуги за сексуално и репродуктивно здравје во некои фази на пандемијата со COVID-19.

Со Законот за прекинување на бременоста донесен во 2019 година се укинуваат административните процедури кои го одложуваа спроведувањето на постапката за прекин на бременоста. Прекинувањето на бременоста е посебна медицинска интервенција за која слободно одлучува бремената жена. Се уредува можноста за прекинување на бременоста до деветтата гестациска недела со медикаментозен метод и во здравствена установа од примарна здравствена заштита. Бременоста може да се прекине до истекување на дванаесеттата гестациска недела со писмена согласност од бремената жена. Ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, прекинувањето на бременоста може да се изврши со писмена согласност од родителот, односно старателот на бремената жена.

Со донесувањето на овој Закон, на жените им се овозможуваат комплетни, објективни и точни информации во врска со начинот на изведување на интервенцијата, што може да се очекува за време на прекинувањето на бременоста и по завршувањето на постапката, за методите на контрацепција пред и по спроведувањето на прекинување на бременоста на начин разбирлив за жената, со цел да може да донесе одлука и да даде изјава за согласност, а воедно се укинуваат административните бариери, односно чекање од три дена по советувањето.

Врз основа на упатствата од Светската здравствена организација донесено е Упатство за прекин на бременоста со цел да се обезбеди високо-квалитетна здравствена услуга за прекинување на бременоста до 22-та гестациска недела, базирана на современи практики и медицински докази и фокусирани на потребите на пациентките.

**Тортура и претерана употреба на сила (член 6, 7, 10 и 21)**

11. Имајќи ги предвид претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.12), молиме: (а) одговорете на наводите за тортура и малтретирање од страна на полициски службеници, вклучувајќи ги и тие во врска со прекумерната употреба на сила при апсења; во полициски притвор, при извлекување на присилни признанија; за време на полициските протести, вклучително и за време на протестите во јуни 2018 година во Скопје против Договорот од Преспа; и во контекст на полициско следење на границите на државата членка; (б) обезбедете информации за правната рамка и механизмите за жалби што се воспоставени со цел жртвите да ги пријават сите форми на тортура и малтретирање, вклучително и податоци за бројот на жалби, истраги, гонење, пресуди и правни лекови обезбедени за жртвите; (в) одговорете на наводите дека малцинските групи, особено Ромите, биле несразмерно таргетирани од страна на сторителите на тортура и малтретирање. Молиме да наведете информации и за улогата на Канцеларијата на Народниот правобранител, како национален механизам за спречување на тортура, откако почна да ја исполнува оваа улога во 2011 година.

Во согласност со Уставот на РСМ и Законот за полиција, секое лице кое смета дека е жртва на полициска злоупотреба или при преземањето на полициските овластувања се повредени неговите права, има право на преставка. Согласно Законот за внатрешни работи, МВР е должно во рок не подолг од 30 дена од приемот на претставката да одговори и во писмена форма да го извести подносителот за утврдената состојба и преземените мерки.

ОВККИПС е внатрешен контролен механизам во МВР кој спроведува контрола за почитување и заштита на човековите права и слободи при преземањето на полициските овластувања. ОВККИПС без исклучок постапува и ги испитува сите наводи во претставките без селективен пристап во работата, со еднаков третман кон сите граѓани без разлика на етничката, верска, полова, сексуална или било кој друг вид на припадност.

Во периодот од 2015-2021година поднесени се 419 поднесоци против полициски службеници за употреба на физичка сила. Од вкупниот број поднесоци, 25 или 6% се основани, 167 или 40% се неосновани, за 225 нема докази и 2 се делумно основани.

Во овој период примени се шест претставки од подносители кои навеле дека како резултат на нивната припадност кон ромската заедница биле дискриминирани од страна на полициските службеници. ОВККИПС ги изврши потребните проверки по што е утврдено дека 5 претставки се неосновани, а за една претставка нема докази.

Вршена е оценка на употреба на средства за присилба при нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем на државната граница во 3 случаи при што е констатирано дека употребата на средства за присилба е основана, оправдана и правилна.

На подрачје на Секторот за внатрешни работи Скопје од 13 до 30 јуни одржани се 18 протести од кои во три случаи регистирано е нарушување на јавниот ред и мир.

На 13.06.2018 година приведени се 10 лица од навивачка група „Комити", бидејќи учесниците користеле пиротехнички средства, бакљи и петарди а кон објектот на Собранието биле фрлани пластични и стаклени шишиња како и еден молотов коктел кој не успеал да се запали.

На 17.06.2018 година употребени се средства за присилба, бидејќи дел од присутните граѓани на протестот ја отстраниле заштитната ограда поставена пред објектот на

Собранието и полицискиот кордон, а повеќе маскирани лица учесници во протестот започнале со фрлање на предмети – бакљи, камења и слично кон полицискиот кордон. Со цел спречување на понатамошно нарушување на јавниот ред и мир Полицијата употребила хемиски средства кон учесниците на протестот. За време на протестот повредени биле седум лица – цивили и десет униформирани полициски службеници а приведени и задржани за понатамошна постапка се 26 лица.

На 18.06.2018 година едно лице е казнето за прекршок поради нарушување на јавен ред и мир поради тоа што по завршување на протестот го омаловажувал и не почитувал наредбата од полицискиот службеник.

Во ОВККИПС е систематизирано Одделение за интегритет, превенција од корупција и заштита на човекови права кое е надлежно за превенцијата и заштитата на човековите права и слободи од акти на непрофесионално, незаконско и неетичко постапување на вработени од МВР.

Со измените во Законот за јавното обвинителство од 2019 година, во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се формира специјализирано Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Согласно измените на Законот за полиција од 2019 година, МВР е должно без одлагање да го извести Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција по прием на кривична пријава или добиено сознание дека полициски службеник извршил кривично дело при вршење на службено дејствие или извршил кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност. Идентичен стандард е предвиден во Законот за извршување на санкциите.

Со измените и дополнувањата во Законот за Народниот правобранител во 2018 година формирана е посебна единица во рамките на канцеларијата на НП како Механизам за граѓанска контрола кој што:

a. покренува постапка по барање на жртва или на член на неговото семејство, по иницијатива на претставници на невладиниот сектор, како и по сопствена иницијатива по добиени сознанија (допрен глас) за можни повреди на правото на живот и забрана на тортура од Европската конвенција за човекови права и
b. е составен од еден државен советник и двајца советници и започна со работа во 2019 година и ги реализира активностите предвидени со Годишната програма за работа.

Согласно одлуката на Собранието на РСМ од 2019 година беа избрани три здруженија на граѓани кои учествуваат во работата на овој механизам.

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам од 2011 година има законска надлежност редовно да го испитува постапувањето со лицата лишени од слобода и упатува препораки на надлежните органи со цел спречување на тортура и други облици на нехумано постапување а доколку оцени за потребно и преку поднесување предлози и согледувања во врска со постоечкото или нацрт-законодавството.

Со цел обезбедување на мултидисциплинарен пристап при спроведувањето на превентивните посети се ангажираат експерти од различни области и претставници од високо образовни институции и граѓански организации.

Во текот на 2021 година тимот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам спроведе вкупно 33 ненајавени посети, од кои: 8 посети во полициски станици од општа надлежност на подрачјето на Секторите за внатрешни работи во Струмица и Охрид, пет посети во полициски станици за гранична контрола или надзор, 14 посети во КПУ и ВПУ, како и шест посети на места каде што се врши сместување или задржување на странци и баратели на азил.

**Третман на лица лишени од слобода (член 10)**

12. Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.13), молиме: (а) обезбедете информации за напорите направени во текот на периодот на известување за намалување на пренатрупаноста и подобрување на условите во затворите, вклучително и статусот на Националната стратегија за развој на казнено-поправниот систем во Северна Македонија 2021-2025 година; (б) одговорете на наводите за континуирана пренатрупаност, особено во затворените единици; лоша санитација; недостаток на соодветен пристап до здравствена заштита; и високо ниво на насилство меѓу приведените лица во затворите; (в) дискутирајте за тоа како системот за притвор реагирал на пандемијата со COVID-19, вклучувајќи информации за мерките преземени за заштита на затворениците од вирусот; колку ефикасно се одржува мониторинг и надзор на објектите; и влијанието на мерките за контрола на вирусот во услови на притвор, вклучително и можноста за притворените лица да имаат посетители.

На 13 јули 2021 година Владата на РСМ ја усвои Националната стратегија за развој на казнено-поправниот систем во Северна Македонија 2021-2025 година. Согласно Акцискиот план се спроведуваат предвидените активности во согласност со стратешките цели.

Во мај 2022 година Формирана е интер-ресорска група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени во Стратегијата која подготви Годишен извештај за реализирани активности.

Заради намалување на пренатрупаноста во казнено-поправните установи, преку изградба на нови и проширување на постоечките сместувачки објекти и преку воспоставување на одржлив пробациски систем за извршување на алтренативните мерки целосно е реконструиран и ставен во функција во октомври 2020 година КПУ Затвор Битола и ставен е во функција нов Воспитно поправен дом во ноември 2020 година.

Со финанскиска поддршка од Банката за развој при Совет на Европа се реализира проектот за реконструкција на КПУ за реконструирање, реновирање, изградба и опремување на КПД Идризово. Во 2023 година ќе биде распишана јавна набавка за втора фаза - етапа 1.

УИС изготвува Годишна програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ како и Годишен план за одржување на постојните објкети во рамките на секоја КПУ и ВПУ.

Од УИС обезбедени се парични средства за капитални инвестиции во КПУ и ВПУ за 2022 година во износ од 14.433.000, 00 денари.

Согласно Годишната Програма на УИС за 2022 година беа извршени реновирања и санација на утврдените лоши услови и тоа во 5 КПУ-Куманово, Тетово, Гевгелија, Струмица и Скопје и 3 КПД-Штип, Прилеп и Струга.

Во женското одделение во најголемиот КПД Идризово подобрени се условите за престој на осудени лица-жени односно извршено е реновирање на овој дел од установата.

Од јуни 2019 година здравствените работници од КПУ и ВПУ целосно се превземени во надлежност на Министерство за здравство и склучија договор со јавна здравствена установа за пружање на здравствена заштита.

Во октомври 2021 година УИС со поддршка на Советот на Европа, изврши испорака на медицинска опрема во вредност од 50.000,00 евра која е ставена во употреба во шест установи.

Ревидирани се 11 стандардни оперативни процедури за повеќе области на работење во казнено-поправните усанови и воспитно-поправниот дом. Во текот на 2022 година реализирани се обуки на следниве теми: Антикорупциски мерки, Кодекс за однесување на службени лица, Обуки за здравствени работници, Обуки за скрининг на осудени радикализирани лица и Обуки за затворската полиција. Спроведени се повеќе јавни набавки за набавка на опрема за видео надзор и нејзино инсталирање.

Од почетокот на пандемијата во КПУ и ВПУ се почитуваа здравствените мерки за заштита на здравјето на лицата што престојуваат таму како и на вработените во установите. При приемот сите лица беа издвојувани по 14 дена во засебен дел, а во просториите за посета на притворените лица контактот со странките беше ограничен со прегради од плексиглас заради спречување ширење на вирусот.

Во текот на 2021 година беше спроведена постапка за вакцинација на осудени и притворени лица и на вработените. Заради превенција на ширење на Ковид-19, Директорот на Управата за извршување на санкции донесе наредби со кои на осудените лица им беше забрането да користат погодности (излегување надвор од установа, работно ангажирање надвор од установа, посети и сл.) и се забрануваа посети од страна на посетители кои немаа сертификат за извршена вакцинација.

**Слобода и безбедност на лицата (член 9)**

**13.** Молиме да му дадете на Комитетот информации за важечката правната рамка која се однесува на притворот во државата-членка. Молиме разјаснете дали важечките правни стандарди дозволуваат притвор пред покренување обвинение до 180 дена и притвор по подигнување на обвинение до две години и дискутирајте за компатибилноста на таквите одредби со Пактот. Молиме исто така одговорете на наводите дека притворените затвореници се држат во несоодветни услови во некои установи, како што е затворот Скопје, каде што поминуваат до 23 часа дневно во своите ќелии и имаат ограничени права на посета.

Согласно Амандманот III од Уставот на РСМ, „Притворот до подигнување на обвинението, по одлука на суд, може да трае најдолго 180 дена од денот на притворувањето. По подигнување на обвинението, притворот го продолжува или го определува надлежниот суд во случај и во постапка утврдени со закон.“

Во член 164 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека притвор може да се определи само под условите предвидени во овој закон. Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Во текот на целата постапка притворот ќе се укине веднаш штом ќе престанат причините врз основа на кои бил определен.

Во членот 171 е уредена материјата за траење на притворот во истражната постапка. Вкупното траење на притворот во истражната постапка, сметајќи го и времето на траење

на лишувањето од слобода пред донесувањето на решението за притвор не може да биде подолго од 180 дена и со истекот на тој рок притворениот веднаш ќе се пушти на слобода.

Во членот 172 е уредена материјата за траење на притворот по одобрување на обвинителниот акт. По правосилност на обвинението притворот може да трае најмногу до: една година за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години и две години за кривичните дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор.

Согласно Правилникот за куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите донесен во 2020 година, на сите притворени лица им се овозможува движење на чист воздух, слободни активности, спорт и рекреација. При вршење на надзор, УИС даде посебни напатствија за почитување на правото на свеж воздух на сите притворени лица без оглед на сместувачките капацитети по просториите.

**Елиминација на ропство, зависност и трговија со луѓе (чл. 2, 7, 8 и 26)**

**14.** Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.15) и на извештајот за следење на заклучните согледувања на Комитетот, молиме: (а) дајте информации за статусот на Нацрт-Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, нејзината имплементација во пракса како и за сите досега постигнати резултати, притоа опишувајќи ги финансиските, човечките и техничките ресурси кои се обезбедени на полицијата и на Обвинителството за организиран криминал и корупција; (б) одговорете на наводите дека полициските службеници и други јавни службеници се соучесници во трговијата со луѓе, што создава клима на неказнивост и ја нарушува ефективната истрага за прекршоци за трговија со луѓе; и (в) обезбедете информации за мерките преземени за идентификација на жртвите и за активностите да им се обезбеди компензација, рехабилитација и правна заштита, вклучувајќи го и правото на странските жртви да не се депортираат пред истекот на двомесечниот период на размислување, како и податоците за број на претставки, истраги, гонења и пресуди за трговија со луѓе, вклучително и пресуди за јавни службеници кои се соучесници во овие кривични дела.

Во април 2021 година, Владата донесе Национална стратегија и Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Националниот акциски план за борба против трговија со деца 2021-2025. Имплементацијата и координација на активностите ја спроведува Национално координативно тело за борба со трговија со луѓе и илегална миграција преку изготвување на годишни Оперативни планови и годишни извештаи. Стратегија е изработена врз основа на спроведена евалуација и препораките од Националната стратегија 2017-2020. Секоја институција планира средствата во рамки на своите буџети за реализација на предвидените активности.

Во буџетот на МВР предвиден е линеарен буџет за активности за борба против трговија со луѓе а кои се предвидени во Годишниот план за јавни набавки на МВР. Донаторите и партнерите придонесуваат во имплементацијата на предвидените активности.

Во текот на извештајниот период во дел од истрагите за горенаведените кривични дела се опфатени и службени лица, државени службеници и полициски службеници како сторители на кривични дела, што укажува на отсуство на селективност или создавање на клима на неказнивост или нарушување на ефикасноста на истрагите.

Постапките, процедурите и начинот на обезбедување помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе се уредени во Стандардни оперативни процедури за постапување со

жртви на тровија со луѓе (донесени 2008 година, усвоени од Владата на РМ во 2010 година, ревидирани во 2018 година).

РСМ ја надоградуваше правна рамка за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграциија во согласност со европското законодавство и меѓународните стандарди.

Со измените и дополнувања на Кривичниот законик од 2015 и 2018 година се предвидува казнување на дејствијата на питачење или експлоатација на дете заради со закон забранета активност и казна затвор од најмалку 12 години за корисниците на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години.

Во насока на вградување на препораките на GRETA и усогласување со член 8 од Директивата 2011/36/ЕУ, инкорпорирано е начелото на неказнување на жртвите на трговијата со луѓе и дете. Согласно податоците во 2018 година идентификувани се: 9 жртви, во 2019 година 6, во 2020 година 7, а во 2021 година 48.

Во 2018 година усвоен е Законот за странци со кој се врши исполнување на препораките на GRETA во однос на дозволата за привремен престој на жртвите на трговија со луѓе, периодот за опоравување и рефлексија и обезбедување повеќе права за жртвите.

Собранието на Република Северна Македонија на 16 ноември 2022 година го донесе Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство. Жртвите на трговија со луѓе согласно одредбите на овој закон имаат право на надомест на штета, а што е во согласност со Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе и меѓународни стандарди во поглед на ефективно остварување на правото на обештетување на жртвите од страна на државата.

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, трговијата со жени и девојчиња е дефинирано како форма на родово базирано насилство и се предвидува сметување на жртвите на трговија со луѓе во Центар за жртви на трговија со луѓе.

Во 2018 е формирана Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force) раководена од Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Финансирана е од предвидените буџети на МВР и Јавното обвинителство на РМ, како и од меѓународни фондови.

Во насока на јакнење на националните капацитети за идентификување на жртви/потенцијални жртви на трговија со луѓе во 2018 година беше потпишан Меморандум за разбирање помеѓу МВР и МТСП за формирање на Мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе. Тимовите се составени од социјален работник, полициски службеник и претставник од граѓанскиот сектор и се воспоставени во пет градови во РСМ: Скопје, Куманово, Тетово, Битола и Гевгелија. Работата на мобилните тимови е дополнително зајакната со воспоставувањето на Фондот за директна асистенција[5] преку кој е обезбедена поддршка.

Во текот на 2015 година ставена е во употреба апликацијата „Red Button“ како и бесплатната телефонска линија „199“ која на граѓаните им овозможува преку интернет страната на МВР електронски да пријават одредено кривично дело, сознание или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе како и криминал од омраза.

[5] Поддршката опфати медицинска поддршка (психолошка, психијатриска, хоспитализација, стоматолошка и лекови), образовна (online курсеви и обука за унапредување на професионалните вештини), набавка на храна и хигиенски работи, облека, терапевтска асистенција (часови по сликање, пилатес часови, видео материјали и работилници), активности за ресоцијализација и друго

Склучени се: Дополнителен Протокол за интензивирање на соработката во борбата против трговијата со луѓе меѓу Владата на РМ и Советот на Министри на Република Албанија и Договори за полициска соработка во борбата против трговија со луѓе меѓу РМ и Владите на Република Словенија, Бугарија, Косово и Србија.

Во Прилог 2 е содржан преглед на покренати истраги, обвиненија и пресуди за делата на трговија со луѓе.

Согласно став (1) од член 151 од Законот за правда за децата, се утврдува дека заради обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда. Министерот за правда согласно одредбите од членовите 151 и 152 на овој закон од 2014 година донесува Програма за обештетување на дете жртва или оштетен со дејствие кое што со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. За оваа програма за 2020 година и 2021 година одвоени се еден милион денари од Буџетот на ова министерство. Од Јануари до Јуни 2021 година донесени се и исплатени 4 решенија за обештетување на дете жртва-девојчиња во вкупен износ од 1.500.000,00 денари. Исплата е извршена во рамки на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2021 година ("Службен весник на РСМ", бр. 32/21).

Правата на жртвите се уредуваат во членовите 53-56 од Законот за кривичната постапка: Согласно член 53 став (1): "Жртвата на кривично дело има право да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета." Исто така согласно член 57 став (1) алинеја 3 се уредува дека во кривичната постапка оштетениот има право да стави предлог за остварување на имотноправното барање. Одредбите за имотно-правно барање се содржани во членовите 110-120. За имотноправното барање одлучува судот. Со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот одлучува целосно за имотноправното барање или делумно, а за преостанатиот износ на имотноправното барање го упатува оштетениот да го остварува во спор. Доколку доказите во кривичната постапка не даваат доволна основа за целосно или делумно пресудување на имотноправното барање, а за нивно дополнително обезбедување постои опасност од неоправдано одолжување на кривичната постапка, судот ќе го упати оштетениот имотноправното барање да го остварува во спор.

**Слобода на движење (чл. 2, 12 и 26)**

**15.** Имајќи ги предвид претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.16) и извештајот за следењето на заклучните согледувања на Комитетот, молиме: (а) дадете информации за тоа дали политиките и практиките за управување со границите што ги спречуваат државјаните, од напуштање на државата се уште се во сила, и коментирајте за нивната усогласеност со одредбите на Пактот; и (б) одговорете на наводите за дискриминаторско таргетирање и етничко профилирање на Ромите на границите што несомнено ја ограничува нивната слобода на движење.

Уставниот суд на РСМ со Одлука У.бр.189/2012[6] од 25 јуни 2014 година ги укина член 37 став (1) точка 6 и член 38 став (4) од Законот за патни исправи на граѓаните на Република Македонија („Службен весник на РМ"бр. 67/1992, 20/2003, 46/2004, 19/2007, 84/2008, 51/2011 и 135/2011).

[6] Одлука на Уставен суд У.бр. 189/2012 ("Службен весник на РМ", бр. 106/14)

"Судот утврди дека според членот 37 став (1) точка 6 од Законот за патните исправи на граѓаните на Република Македонија, поднесеното барање за издавање на пасош или виза, ќе се одбие и нема да се издаде пасош или виза ако лицето е присилно вратено или протерано од друга држава поради постапување спротивно на прописите за влез и престој во таа држава. Според оспорениот член 38 став (4) од Законот, ќе се смета дека се престанати причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза од членот 37 став (1) точка 6 од овој закон по истекот на една година од денот на донесувањето на решението од членот 39 од овој закон.

Уставната одредба од членот 27 став (3) допушта ограничување на правото на напуштање на земјата само поради околности како што се заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето, така што заштитата на угледот на земјата и заштитата на режимот за влез и престој во други земји, (пр. Правилата за влез и престој во земјите од Европската унија кои се дел од Шенген зоната) според оценката на Судот не би можеле да се подведат под ниту еден од наведените основи од членот 27 став (3) од Уставот.

Судот оцени дека самата мерка е непропорционална и претставува прекумерно ограничување на слободата на движењето на лицето, односно на правото на патување во странство. Според мислењето на Судот, за да една држава, на сопствен државјанин кој поседува валидна патна исправа му го ограничи правото, односно слободата да ја напушти сопствената земја, треба да постојат навистина сериозни и исклучителни околности, какви што се впрочем оние наведени во членот 27 од Уставот.

Од тие причини Судот утврди дека оспорените одредби од член 37 став (1) точка 6 и член 38 став (4) од Законот за патни исправи на граѓаните на Република се спротивни на членот 27 од Уставот на Република Македонија."

Во периодот од 2016-2022 година против МВР поднесеи се 113 тужби за дискриминација по основ на припадност на ромска заедница и повреда на право на слободно движење. Износот на име надомест на штета кој им е досуден на жртвите на дискриминација од страна на судот изнесува од 25.000,00 до 30.000,00 денари.

Исто така, граѓани на РСМ до Европскиот суд за човекови права поднесоа апликации против РСМ. Тие се жалеа дека од страна на полициски службенци не им било дозволено да ја напуштат земјата со што е повредено нивното право на слобода на движење согласно Член 2 од Протоколот 4 (слобода на движење), Член 14 во врска со член 2 од Протоколот 4 и Член 1 од Протоколот 12 на Конвенцијата и дека ова претставува дискриминација врз основа на потекло како роми.

Во следните апликации од граѓани на РСМ до Европскиот суд за човекови права беше доставена friendly settlment declarations потпишани од Владата на РСМ и апликантот, со која апликантот се согласува да ги повлече сите барања кон РСМ, а Владата да им исплати паричен износ од 2500 евра за нематеријална штета како и трошоци:

a. Application no: 19137/18 Vites Asanovski and others against the Former Yuglaslav Republic of Macedonia,
b. Application no: 44027/16 Muamed Abedinov against the Former Yuglaslav Republic of Macedonia,
c. Application no. 16460/17 Sejat Zekirov against the Former Yuglaslav Republic of Macedonia и
d. Application no. 43440/15 Dzenifer Dzeladin against the Former Yuglaslav Republic of Macedonia and 2 others aplplucations

КЗД од своето формирање нема добиено ниту една претставка за дискриминаторско таргетирање и етничко профилирање на ромите на граничните премини.

**Третман на странци, вклучувајќи мигранти, бегалци и баратели на азил и бездржавјанство (чл. 7, 9, 12, 13, 24 и 26)**

16. Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.17), молиме обезбедте информации за (а) извештаи за продолжен притвор на барателите на азил, вклучувајќи жени и деца во Прифатниот центар за странци (Гази Баба) и Винојуг транзитниот центар, како на пример во случаи кога децата се притворени заради обезбедување на нивните сведочења за истраги за шверц, вклучително и опишување на правната основа и степенот на судски надзор на таквиот притвор; (б) правната рамка за регулирање на азилот, вклучувајќи ја и правната основа и судскиот надзор на имиграцискиот притвор и на материјалниот опфат и имплементација на новиот Закон за управни спорови; (в) извештаи за враќање на мигрантите, особено во Грција.

Привремено задржување на странец се уредува со членовите 158-161 од Законот за странците. Законот уредува дека заради обезбедување во постапката за отстранување, странецот може да биде задржан од страна на МВР најдолго до 24 часа. Странецот веднаш се известува за причините за задржувањето и за можноста по негово барање да го информира дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е да оствари контакт со правен застапник и членови на неговото семејство.

Задржувањето на странецот престанува веднаш по престанувањето на причините за неговото задржување, а најдоцна до истекот на овој рок. За задржувањето на непридружувано малолетно дете веднаш се известува Центарот за социјална работа и дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е.

Во Член 159 се уредува сместување на странец во Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи. Во посебна просторија за малолетници во рамките на Прифатниот центар се сместува и непридружуван малолетник кој од објективни причини веднаш не може да се предаде на органот на државата чиј државјанин е и за тоа се известува Центарот за социјална работа заради определување старател согласно со Законот за семејството при што се почитува принципот на најдобар интерес на детето.

Непридружуваните малолетни деца и семејствата со малолетни деца се задржуваат во Прифатниот центар само во краен случај и за што е можно пократок временски период.

За сместување во Прифатниот центар одлучува МВР со решение. Против решението странецот може да поведе управен спор пред надлежен суд согласно со Законот за управните спорови. Поведувањето на управен спор пред надлежен суд не го одлага извршувањето на решението. Постапката пред надлежен суд е итна.

Странецот привремено се задржува во Прифатниот центар до престанувањето на причините кои го оневозможиле неговото отстранување од територијата на РСМ, но не подолго од шест месеци. По исклучок задржувањето може да се продолжи најдолго за уште 12 месеци, под условите од член 161 од овој закон. По истекот на овие рокови странецот го напушта Прифатниот центар.

Во пракса не се забележани случаи на задржување ниту половина од максимално предвидениот рок.

Правна рамка за правото на азил е Законот за меѓународна и привремена заштита. усвоен на 4 април 2018 година. Законот во целост е во согласност со Директивата бр. 2013/33/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот.

На барателот на право на азил во исклучителни случаи може да му се ограничи слободата на движење, ако други помалку принудни алтернативни мерки согласно со националното законодавство (одземање идентификациона исправа, редовно пријавување) не можат ефективно да се применат. Исклучителните случаи се дефинирани во член 63 став 2 од овој закон.

Слободата на движење може да се ограничи со следниве мерки: забрана за движење надвор од Прифатен центар за баратели на азил или друго место за сместување определено од страна на МТСП или сместување во Прифатен центар за странци.

Мерките се изрекуваат најдолго до три месеци, од денот кога е доставено решението со кое е изречена мерка ограничување на слобода на движење, а по исклучок, доколку сè уште постојат причините за нивно изрекување може да се продолжат најдолго уште три месеци. Начинот за ограничување на слобода на движење на барател на право на азил го пропишува Министерот за внатрешни работи.

МВР донесува решение за изрекување мерка за ограничување на движењето на барателот на право на азил во кое се утврдува рокот на траење на мерката. Против решението барателот на право на азил има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од пет дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението. Постапката пред надлежниот суд е итна.

**17.** Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.20), молиме обезбедете информации за мерките што се преземени за спречување и справување со бездржавјанството во државата членка во текот на периодот на известување. Вклучете информации за: (а) направени напори за ретроспективно да се идентификуваат и регистрираат оние кои не биле регистрирани при раѓање; (б) какви било мерки за заштита на правата на оние, како што се Ромите и мигрантите, кои имаат висок ризик од бездржавјанство; (в) преземените чекори за да се обезбеди пристап и да се поедностави матичната евиденција; процедури, вклучувајќи какви било програми за подигање на свеста и мерки за ажурирање и ефикасно спроведување на законските одредби, вклучително и на Законот за странци од 2019 година и Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени од 2020 година.

Со донесувањето па Законот за неевидентирани лица во матична книга на родените се создаде правна основа за решавање на проблемот на приближно 700 лица во РСМ кои се без документи и лична идентификација.

Тие беа лишени од пристапот до здравствена и социјална заштита, образование и воопшто нема пристап до правдата. Овие лица раѓаат деца кои потоа исто така не се евидентираат поради тоа што нивните родители се лица без идентификација во системот.

Донесувањето на овој закон имаше за цел лицата кои се неевидентирани во матичната книга на родени да се евидентираат во посебна матична книга на родени, заради добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа, со цел остварување на основните човекови права, како право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување.

Со идентификационата исправа која ја издава МВР, лицата запишани во посебната матична книга на родени пред надлежните органи и институции го докажуваат идентитетот во однос на остварување на правата од областа на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување, меѓутоа не и за стекнување со државјанство на РСМ.

Од октомври 2020 година до месец септември 2021 година до сега се решени 83 предмети, односно се издадени изводи од посебната матична книга на родените за 83 лица. Во тек е изработка на 62 решенија за 62 лица кои поднеле барање за упис во посебната матична книга на родените во Скопје. Во однос на поднесени барања за пополнување на нови прашалници во 2021 година за период од 01.01.2021 година до месец септември, пополнети се прашалници за 6 лица.

**Пристап до правда, независност на судството и правично судење (чл. 2 и 14)**

**18.** Имајќи ги предвид претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.14), молиме наведете информации за: (а) напорите за подобрување на независноста и севкупното функционирање на правосудниот систем, вклучувајќи ги и досегашните резултати од Стратегијата за реформи на правосудниот систем 2017-2022 и поврзаниот акционен план, како и статусот на реформите на правната рамка со која се регулираат судството и обвинителските служби, вклучително, меѓу другото, и предлог „Законот за престанок на важноста на Законот за совет за основање на факти и поведување постапка за утврдување одговорност за судии"; и предлог законот за изменување и дополнување на „Законот за Судски совет"; предлог-законот за изменување и дополнување на „Законот за Заштита на сведоци"; и „Законот за Јавното обвинителство" (б) процесите да се поддржи правото на правично судење без одлагање, вклучително и елаборирање за тоа дали COVID-19 влијаеше на способноста на судовите да го почитуваат законот; (в) мерки да се обезбеди назначувањето и унапредувањето на судиите да се врши во согласност со објективни критериуми засновани на заслуги.

Со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акцискиот план за нејзино спроведување, донесена во 2017 година беа детално утврдени и посочени најслабите точки во правосудниот систем и се предвидоа соодветни насоки, мерки и активности како тие да се надминат. Ова особено се однесуваше на овозможување на независноста на судството, пристап до правда и правично судење.

Се донесоа закони од областа на судството и јавното обвинителство кои имаа за цел зајакнување на нивната независност и јакнење на улогата на Судскиот совет и Советот за јавни обвинители, како и нивната зголемена транспарентност. Се воведоа зајакнати критериуми за избор на членовите на Советите и се пропиша постапка за разрешување на член на Советот при сторена повреда.

Со измените на Законот за судовите и новиот Закон за Судскиот совет во 2018 и 2019 година, новиот Закон за јавното обвинителство и измените на Законот за Советот на јавните обвинители од 2020 година и донесените подзаконски акти од Судскиот совет и Советот за јавни обвинители се воведоа следниве значајни новини: се воведоа зајакнати, објективни и мерливи критериуми за избор и унапредување на судиите и јавните обвинители. Судскиот совет и Советот на јавните обвинители дополнително со подзаконски акти ги доуредија одредбите за начинот на рангирањето при избор и унапредување.

Оценувањето на работата на судијата се врши редовно на секои четири години или вонредно оценување кога судиите конкурираат за повисок суд преку дефинирани

квалитативни и квантитативни критериуми во соодност 60% наспроти 40% и преку воведени објективни критериуми за оценување на судиите.

Јавните обвинители се оценуваат по точно утврдени критериуми меѓу кои се: ажурност и ефикасност, непристрасност и совесност, углед и етичност достојни за функцијата и соработка и однос спрема странките и другите вработени во обвинителството.

Јасно се уредуваат дисциплинските повреди и се вградува принципот на пропорционалност и можност на разрешување само за најтешките дисциплински повреди.

Овие одредби овозможија транспарентни избори на квалитетни судии и јавни обвинители согласно објективните критериуми за компетентност и заслуги.

Со донесување на потребните подзаконски акти се овозможи интерни унапредувања за стручните судски и јавно-обвинителски службеници. Исто така, во 2020 година беа донесени стратегии за човечки ресурси за судската и јавно обвинителската мрежа 2021-2026 со стратешки насоки и приоритети за надминување на предвизиците и со цел воведување систем за управување со човечки ресурси.

**Право на приватност (чл. 17 и 19)**

**19.** Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.23) и на извештајот за следење на заклучните согледувања на Комитетот, и во светло на операциите за прислушување од големи размери откриени во 2015 година, молиме доставете информации за институционалните и правните заштитни мерки кои се поставени со цел да се осигура дека секој надзор над активностите е во согласност со принципите на законитост, пропорционалност и неопходност и дека лицата кои се незаконски следени се информирани за тоа и имаат пристап до соодветни правни лекови. Опишете ги и чекорите преземени по операцијата за прислушување за обнова на довербата во јавните институции и да се осигура дека таквите настани нема да имаат застрашувачки ефект врз слободата на изразување, вклучително и обезбедување информации за резултатите од судењето за случајот „Таргет-Тврдина“ и околностите под кои специјалната обвинителка Катица Јанева која беше назначена да ги истражи наводите за прислушување од големи размери, беше уапсена и осудена за изнуда.

Постапувајќи по препораките на групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите, Владата на РМ донесе План за итни реформски приоритети: „Планот 3-6-9“, заради ефикасно и навремено исполнување на утврдените приоритети.

Согласно планот се донесоа нов Закон за следење на комуникациите и Закон за Оперативно техничка агенција, како и изменување на Законот за кривичната постапка, Законот за електронските комуникации и Законот за класифицирани информации.

Со Законот за следење на комуникациите се уреди постапката за спроведување посебна истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; условите и постапката за спроведување на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата; обврските за ОТА и операторите, како и надзорот и контролата над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите.

За остварување на граѓански надзор над законитоста на спроведување на мерките за следење на комуникациите, се предвиде формирање на Советот за граѓанска контрола, кој е составен од претседател и шест членови назначени од Собранието на РСМ, кои се избираат врз основа на јавен оглас и исполнување на пропишаните услови. Советот може да постапува по сопствена иницијатива или по претставка поднесена од граѓанин што претсавува дополнителна гаранција за ефективно вршење на надзорот.

Јавниот обвинител на РСМ и судијата на Врховниот суд кој ја издал наредбата за следење на комуникациите вршат контрола на законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата.

Согласно Законот за Оперативно техничката агенција се формира Оперативно-техничка агенција, како самостоен и независен државен орган кој обезбедува техничка поврзаност помеѓу операторите и овластените органи, нејзините надлежности и раководењето.

Со Законот за Агенција за национална безбедност се уредува основањето, целта, надлежноста, раководењето и внатрешната организација на Агенцијата за национална безбедност, начинот на работа на Агенцијата за национална безбедност и др.

Материјата на посебните истражни мерки уредени во Законот за кривичната постапка, е целосно усогласена со меѓународните стандарди. Посебните истражни мерки може да се определат, кога постојат основи на сомневање за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а се подготвуваат, во тек е извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение или листа на конкретни кривичните дела наведени во законот. Примена на најинтрузивните мерки определува судија на претходна постапка, додека на останатите јавниот обвинител. Јавниот обвинител на Република Македонија еднаш годишно доставува извештај за посебните истражни мерки до Собранието на Република Македонија што се побарани во претходната календарска година.

Посебните истражни мерки ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под контрола на јавниот обвинител. Во текот на извршување на мерката, правосудната полиција изготвува извештај кој го доставува до јавниот обвинител по негово барање и во секој случај на секои 30 дена, додека по спроведување на мерките правосудната полиција изготвува конечен извештај кој го доставува до јавниот обвинител.

Траењето на мерките е лимитирано на најмногу четири месеци, а нивно продолжување е можно само во специфични случаи во строго дефинирана постапка.

Во однос на правата на лицето кон кое се применуваат мерките, значајна е и одредбата согласно која по прекинување на посебните истражни мерки, ако тоа не штети на постапката, по барање на засегнатото лице, јавниот обвинител ќе му ја достави писмената наредба. Засегнатото лице барањето може да го достави и до судот.

За незаконското следење на комуникациите и уништување на опрема за прислушување беше оформен кривичен предмет: "Таргет – Тврдина", наводно извршено од страна на четворица обвинети меѓу кои и поранешната министерка за внатрешни работи и поранешниот началник на Петтата управа во Управа за безбедност и контраразузнавање.

Со обвинителниот акт беа опфатени 12 обвинети лица за кривичното дело злосторничко здружение во согласност со член 394 став (1) од Кривичниот законик и злоупотреба на службената положба и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик. Едно од нив одлучи да ја признае вината пред започнувањето на судската постапка, па така

постапката против неа беше прекината и беше осудена условно на шест месечна затворска казна, под услов да не стори било какво ново кривично дело во текот на периодот на проверка во времетраење од две години. Според обвинението, со уништувањето на опремата за следење била нанесена штета на државниот буџет во висина од 87.261.058,50 денари.

Согласно обвинителниот акт, поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање формирал злосторничко здружение со цел спроведување незаконско следење на комуникации од големи размери, а за да се стекне со информации за сите општествени сфери со што се стекнал со политичка и деловна корист.

Основниот кривичен суд Скопје со пресуда КОК бр.55/17 од 26.02.2021 година, изрече затворски казни против 6 лица: за поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање: во траење од 12 години, за две лица:во траење од 15 години, едно лице:во траење од 6 години, за едно лице:во траење од 4 години и за едно лице:во траење од 3 години, додека против пет лица изречени се алтернативни мерки условна осуда со утврдена затворска казна во траење од 2 години која нема да се изврши доколку обвинетите не сторат ново кривично дело во следните 5 години. По поднесена жалба на одлуката на судот Апелациониот суд ја укина првостепената пресуда и предметот го врати пред Основниот кривичен суд Скопје на повторно постапување и одлучување. Апелациониот суд Скопје при разгледување на пресудата констатирал дека првостепениот суд при постапувањето по предметот сторил суштествени повреди на одредбите од Законот за кривичната постапка кои се од апсолутен карактер (на кои второстепениот суд внимава по службена должност), со што се довела во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот законик.

20. Опишете ја регулаторната рамка што го регулира собирањето, складирањето, употребата и задржувањето на личните податоци на луѓето, и од државни и од недржавните субјекти. Молиме вклучете информации за: (а) материјалниот опфат и информациите за Законот за заштита на личните податоци донесен во 2020 година; (б) какви заштитни мерки има за да се осигура дека протоколите за собирањето на примероци од ДНК во контекст на криминалните истраги се компатибилни со правото на приватност во рамките на Пактот.

Правната и институционалната рамка која се однесува на заштитата на личните податоци во РСМ е воспоставена со Законот за заштита на личните податоци кој целосно ја транспонира Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на личните податоци).

Законот беше усвоен од Собранието на РСМ и стапи во сила на 24 февруари 2020 година. Со Законот се уредуваат заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштитата на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

Во член 249 од Законот за кривична постапка се уредува дека примероци за спроведување на ДНК анализа може да се земат кога тоа е потребно заради идентификација на лица или заради споредување со други биолошки траги и други ДНК профили и за тоа не е потребна согласност од лицето. Доколку не се поведе постапка земените примероци согласно со овој член можат да се чуваат до застареност на кривичното гонење според одредбите на Кривичниот закон.

Со Упатството за начинот и методите на вршење криминалистичко техничка регистрација и идентификација на лица и непознати лешеви и Законот за полиција се уредува постапката за обезбедување биолошки материјал за ДНК анализа и постапувањето со добиените ДНК профили.

Роковите за чување на ДНК податоците се уредуваат со измените на Законот за полиција од 2022 година, додека за нивно бришење во постапка е изработка на дополнителна подзаконска регулатива. Во постапка е ревизија на Упатството кое ќе биде усогласено со измените во Законот за полиција и експертските препораки од спроведена проценка на капацитетите на Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења во МВР за автоматизирана обработка и размена на ДНК податоци.

**Слобода на совест и религиозно верување (чл. 2, 18, 22 и 26)**

**21.** Молиме наведете информации за системот на државата-членка за регистрација на верски организации, при што со Уставот се признати пет религии и како такви, добиваат јавни бенефиции, додека другите треба да аплицираат за регистрација. Молиме опишете како се обезбедува независен и ефективен надзор над регистрацијата на верските организации и дадете информации за статусот на регистрацијата на Охридската Православна Архиепископија (ОАД) и Бекташката заедница (Тетово).

Согласно Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група, рамноправни се сите цркви, верски заедници и религиозни групи.

Ниту една црква, верска заедница или религиозна група не добива јавни бенефиции кои не може да ги добива или ужива друга црква, верска заедница или религиозна група. Регистрацијата не е процес кој се повторува. Не постои лиценца, или некаков вид на дозвола за вршење на дејноста.

Со регистрацијата верските субјекти се стекнуваат со својство на правно лице и се впишуваат во Единствениот судски регистар на верски субјекти кој го води Основниот граѓански суд во Скопје, како и во Централниот регистар на РСМ. Комисијата за односи меѓу религиозните групи и вреските заедници води евиденција на регистрирана црква, верска зедница и религизона група.

Сите тие кои беа регистрирани пред усвојувањето на новиот закон во 2007 година имаа законска обврска да достават барање за упис во новиот регистар, а притоа им се призна веќе стекнатиот правен субјективитет. Независен и ефективен надзор над регистрацијата на верските субјекти врши Основниот граѓански суд во Скопје како надлежен суд за регистрација. Со тоа се обезбедува немешање во процесот на извршната власт и достапни се правни лекови по секоја одлука на судот.

Во случаите на Апликацијата бр.3532/07:Orthodox Ohrid Archdiocese (Greek-Orthodox Ohrid Archdiocese of the Peć Patriarchy и Апликацијата бр. 48044/10: Bektashi Community and Others, Европскиот суд за човекови права утврди прекршување на правото на апликантите на слобода на здружување поради одбивањето на властите да ги

регистрираат како религиозни субјекти (повреда на член 11 толкуван во смисла на член 9).
Владата на РСМ до Комитетот на Министри на Советот на Европа достави Ревидиран Акциски план за спроведување на Пресудата од 16 Ноември 2017, правосилна на 9 Април 2018 и Пресудата од 12 Април 2018година правосилна на 10 Септември 2018година:

„II.Индивидуални мерки
9.Властите презедоа мерки за да се осигурат дека прекршувањата престанале и апликантите се обесштетени за негативните последици.
А. Повторно отворање на домашната постапка
10. На самиот почеток, властите укажуваат дека домашното законодавство предвидува конкретен и ефективен пат за да се добие повторено рзгледување на случаите на апликантите. Особено, одредбата од член 400 од Законот за парничната постапка, дава можност да се поднесе барање за повторено отворање на постапката по пресудата на Европскиот суд со која се утврдува повреда. Информациите во врска со повторното отворање на спорната постапка се дадени подолу.
11.Властите би сакале да истакнат дека сегашните пресуди и наодите на Судот беа дискутирани за време на 15-тиот состанок на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права одржан на 20 септември 2018 година. Согласно со законските овластувања, Комисијата, меѓу другото, усвои заклучоци со кои му препорачува на регистарскиот суд да го информира владиниот агент дали апликантите побарале повторно отворање на спорната постапка или поднеле нови барања за регистрација на нивните здруженија. Комисијата, исто така, му препорача на регистрацискиот суд да ги земе предвид наодите и начелата на Судот во случај здруженијата апликанти да поднесат барање за повторно отворање на спорната постапка или ново барање за регистрација.

(i)Православна Охридска Архиепископија
12. Во јуни 2018 година, апликантот, Грчко-православна Охридска Архиепископија на Пеќчката патријаршија поднесе барање до Основниот суд Скопје II (регистарски суд) за „извршување на оваа пресуда“ и за регистрација под име „Грчко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќчката Патријаршија“ преку г. Јован Вранишкоски. По ова барање, на 1 октомври 2018 година во писмо (прво писмо) и 22 февруари 2019 година (второ писмо) упатено до здружението барател, регистарскиот суд го повика да ја преиспита, во рок од 30 дена, употребата на референцата „Охридска архиепископија“ во своето име и да достави документација согласно Законот за правниот статус на црквите, верските заедници и религиозните групи.
28.Властите би сакале да нагласат дека здружението апликант не доставило нова документација за регистрација и покрај бројните покани од регистарскиот суд.
30.Покрај тоа, властите би сакале да забележат дека во согласност со релевантното законодавство, здружението барател има право да поднесе ново барање за регистрација заедно со нова документација која домашните судови се очекува да ја испитаат на начин усогласен со Конвенцијата. Според најдоброто сознание на Владата, здружението апликант нема поднесено ново барање за регистрација.
32. На 15 декември 2021 година Уставниот суд донесе одлука со која го одби барањето на здружението жалител поради ненадлежност.

(ii) Бекташка заедница
33.На 8 октомври 2018 година, апликантот, Бекташка заедница поднела барања за повторено отворање на двете горенаведени оспорени постапки до Основниот суд Скопје II (сега Основен граѓански суд Скопје). По ова барање поднесено од Бекташската заедница (Бекташка Верска Заедница на Република Македонија), на 22 октомври 2018 година (прво писмо) и 22 февруари 2019 година (второ писмо) регистрацискиот суд упати писма во кои го повикува барателот и во рок од 30 дена да достави документација

во согласност со Законот за правен статус на црквите, верските заедници и религиозните групи.
34. Исто така, имајќи го предвид фактот дека на 7 ноември 2017 година друга верска заедница веќе била регистрирана во Судскиот регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи со идентично име како и името на здружението апликант, апликантот бил советуван да размисли за промена на своето име.
35.На 30 ноември 2018 година, здружението на апликантот Бекташка заедница одговори дека сметаат дека нема потреба од поднесување нови документи за регистрација. Во овој контекст, беше истакнато дека немаат намера да преиспитуваат какви било промени во нивното име. Истиот допис на здружението апликант беше испратено до судот на 26 март 2019 година и побара од судот да одржи рочиште.
44-46. Поради недостиг на каква било комуникација од страна на здружението апликант по рочиштето одржано на 10 јули 2019 година, другите рочишта закажани за 30 септември, 24 октомври и 20 ноември 2019 година беа одложени по поднесено барање од претставник на Бекташката заедница.
47. На 3 март 2020 година, регистарскиот суд го отфрли барањето на здружението апликант за повторено отворање на спорната постапка бидејќи здружението жалител не ги исполнило судските барања повторени во четврти наврати.
49.Здружението жалител ја оспори Одлуката од 3 март 2020 година пред Апелациониот суд. На 30 септември 2020 година, Апелациониот суд ја прифатил жалбата, ја укинал првостепената одлука и го вратил предметот.
50. По враќањето на случајот, регистарскиот суд закажа неколку рочишта, имено на 26 февруари 2021 година, 9 март 2021 година и 24 март 2021 година. На барање на претставникот на здружението апликант, рочиштата беа одложени (освен рочиштето закажано на 26 февруари 2021 година, кое беше одложено поради најавените протести).
51. На 18 мај 2021 година регистарскиот суд по одржаното рочиште донесе решение со кое се одобрува повторно отворање. На тој начин ги укина оспорените одлуки од 2009 и 2011 година. Одлуката стана правосилна на 29 септември 2021 година.
52. На 5 јануари 2022 година, регистарскиот суд испрати писмо до претставникот на здружението апликант во кое ги повикува да го наведат името под кое здружението сака да се регистрира и да достават нова документација во согласност со одредбите.
53. Повторната постапка во моментов е во тек пред регистарскиот суд. Властите се обврзуваат да го информираат Комитетот на Министри за исходот од оваа постапка“.[7]

**Слобода на изразување (чл. 19 и 20)**

22. Во врска со претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.18), молиме: (а) одговорете на наводите за закани, вознемирување, вклучително и на социјалните медиуми, и напади против новинарите во текот на извештајниот период и обезбедете информации за истрагата и гонењето на таквите кривични дела и дали се обезбедени правни лекови за жртвите; (б) обезбедете информации за статусот и материјалниот опсег на пријавените законски реформи кои се воведоа со цел да се зголемат кривичните казни за напад на новинари и со цел да се намалат казните што ги плаќаат новинари и медиумски организации за клевета; (в) разјаснете дали се преземени чекори во текот на извештајниот период за да се зголеми транспарентноста и правичноста при распределувањето на јавните средства на медиумските организации, како и за подобрување на независноста на Државниот совет за радиодифузија.

Согласно податоците од Јавно обвинителство на РСМ, во текот на извештајниот период постапувано е по 10 кривични пријави поврзани со закани, вознемирување и напади против новинари, вклучително и преку социјалните медиуми, при што пет кривични пријави се отфрлени со решение за отфрлање на кривична пријава, во однос на четири

[7] Revised Action Plan: Orthodox Ohrid Archdiocese (Greek-Orthodox Ohrid Archdiocese of the Peć Patriarchy), app. no. 3532/07, judgment of 16 November 2017, final on 9 April 2018: https://hudoc.exec.coe.int/eng?i=DH-DD(2022)354E -

кривични пријави поднесени се обвинителни предлози по кои од страна на надлежниот суд изречени се две осудителни и две ослободителни пресуди, а во однос на една кривична пријава поднесен е предлог за издавање на казнен налог. Со едната од осудителните пресуди е изречена алтернативна мерка условна осуда со која на обвинетиот му е изречена казна затвор во траење од три месеци, која нема да се изврши доколку истиот во рок од една година не стори ново кривично дело, а со другата осудителна пресуда на обвинетиот му е изречена казна затвор во траење од една година и осум месеци.

"Во 2017 година двајца новинари, известувајќи на протест биле физички нападнати од непознати лица – учесници на протестот, бидејќи не припаѓале на провладин медиум. Биле удирани повеќепати, поради што претрпеле телесни повреди, по што биле задржани во болница 24 часа. Случајот е пријавен во полиција и Јавното обвинителство отвори истрага при што судот изрече казна затвор од 6 месеци за напаѓачите.

Против новинарка и заменик-уредничка на портал упатени се закани и навреди преку Социјалната мрежа Телеграм. Поднесен е обвинителен предлог за кривично дело: Загрозување на сигурноста и на 16.3.2020 година судот го осуди на казна затвор во траење од 1 година и 8 месеци лицето кое ги упати овие пораки.

Во декември 2021 година беше донесена судска пресуда-условна осуда со условна осуда казна затвор за сторителот на ова дело во корист на ЗНМ на Македонија за онлајн-закана напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Ова е прв пример обвинителството и судот да истражат и да санкционираат сериозна онлајн-закана изречена кон новинари."[8]

Во 2021 година е направен позитивен чекор бидејќи беа изработени измените и дополнувањата на Кривичниот законик и нов Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Во однос на предложените измени на Кривичниот законик: се воведуваат нови кривични дела: „Спречување на новинарите во извршувањето на професионалните задачи" и „Напад врз новинарите во извршувањето на професионалните обврски„ и во одредени кривични дела се пропишува квалификаторен облик доколку делото е сторено против новинар, за што се пропишани построги казни. Тоа се следниве кривични дела: Убиство, Спречување службено лице во вршење службено дејствие, Загрозување на сигурноста и Присилба.

Со предложените измени новинарските екипи ќе добијат зголемена заштита во извршувањето на професионалните обврски. Заштитата ќе биде во согласност со меѓународните и европските стандарди и праксата на Европскиот суд за човекови права, кој во повеќе одлуки истакна дека "позитивна обврска" на државата, врз основа на член 10 од Европската конвенција за човекови права, (за) безбедна средина за уживање на слободата на изразување (Özgür gündem против Турција, 2000 Динк против Турција, 2010)

Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета беше донесен во ноември 2022 година. Со овој закон се отстрануваат лоцираните недостатоци во неговата примена по донесувањето во 2010 година кога навредата и клеветата беа декриминализирани и за нив беше пропишана граѓанска одговорност. Со законот се врши значителното намалување на максималните износи кои судот може да ги досуди како надоместување на нематеријална штета предизвикана со навреда или клевета од новинар во вршење на новинарска професија, од уредник или лицето кое го заменува или од правно лице. ЗНМ беше дел од процесот на изработка на овие законски измени и беа прифатени сите нивни предлози.

[8] "Северна Македонија показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2021"

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со ЗНМ, продолжи да спроведува обуки со новинари и претставници на правосудството во 2021 година, а освен тоа, теми поврзани со слободата на изразување, се дел и од редовниот курикулум за обуки на Академијата, наменети за судии и обвинители.

Со стапувањето на сила на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, Советот за радиодифузија се преименуваше во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, чија структура и надлежности се утврдени со споменатиот закон.

Со законските измени од 31 декември 2018 година се воведе одредба која предвидува забрана за рекламирање за државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции, како и на правните лица со јавни овластувања и на трговските друштва во целосна државна сопственост, но не и за радиодифузерите. Воедно, со споменатите измени се укинаа и одредбите за правото на надоместок за покривање на трошоците на радиодифузерите во висина од 50% за производство на домашна документарна и играна програма.

Со укинувањето на радиодифузната такса во 2017 година, Агенцијата, делумно се финансира од Буџетот на РС Македонија. Иако во Законот е предвидено процентот на средства кои што ќе и се префрлуваат на Агенцијата постојано да се зголемува така што ќе изнесува 0.8% во 2019 година, 0.9% во 2020 година, односно 1% почнувајќи од 2021 година, овој процент не само што не е достигнат туку и постојано се намалува (во 2022 година е приближно 0.4% од реализираните приходи во 2021 година).

## Права на детето (чл. 2, 7, 23, 24, 26 и 27)

**23.** Потсетувајќи се на претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.21), молиме да обезбедите информации за постигнатите резултати во текот на периодот на известување за да се одговори на сите форми на институционална и де-факто дискриминација на децата, особено на децата Роми. Молиме одговорете на наводите дека децата Роми се соочуваат со различни форми на институционална и општествена дискриминација, вклучувајќи меѓу другото и сегрегирање од другите деца во државните училишта, соочување со бариери во однос на здравствена заштита и етничко профилирање од страна на приватните бизниси.

Во февруари 2022 КЗД донесе општа препорака за десегрегација на децата Роми во образованието[9]. Во општата препорака КЗД им препорачува на надлежните органи на локалната самоуправа да преземат активности за доследно почитување на актите за реонизација во нивните општини што за цел би имало десегрегација на децата Роми. Дополнително, препорачува зголемување на педагошките асистенти во училиштата што ќе доведе до поголема социјализација и почит помеѓу децата, поголема соработка помеѓу општинските власти и граѓанските организации во однос на сензибилизација на не-ромските родители.

Во поглед на законското решение во однос на Законот за основното образование, КЗД препорачува Министерството за образование и наука да определи построги критериуми

[9] Општа препорака бр. 08-244 од 27.04.2022, достапна на https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/04/0807-244_1_%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

за упис на дете во друг реон со што би се намалил одливот на деца во други училишта што би придонело до намалување на сегрегацијата.

Во Член 5 од новиот Закон за основното образование од 2019 година е пропишано дека во основното воспитание и образование се забранува секоја дискриминација.

Во основното образование политиките и наставните програми се креираат и врз основа на начелата и принците на Конвенцијата за правата на децата. Во наставните програми, учебниците и другите наставни материјали се вклучени содржини кои ги прикажуваат лицата од ранливите групи како рамноправни членови на општеството и поттикнуваат толеранција, еднаквост и почитување на различностите.

Со оглед на фактот дека во учебната 2021/2022 година се започна со имплементација на новата наставна програма за прво и четврто одделение, беа обучени околу 3000 наставници по одделенска настава за родова сензитивност. За учебна 2022/2023 кога според новата Концепција се воведува нова наставна програма за учениците од второ и петто одделение, се планира обука и за дополнителна група на наставници.

Постапувајќи согласно Законот за средно образование, Министерството за образование и наука секоја година доделува средствата во висина од најмногу до 30.000 денари по училиште за активности на почитување на разликите, мултикултурните вредности и индивидуализираниот пристап кон учениците.

Во 2018 година започна со имплементација програмата (претходна мерка од Националната Стратегија на Ромите 2014-2020) ромски образовни медијатори со ангажирање на 20 локални образовни медијатори во 16 општини во РМ. Оваа мерка обезбедува зголемување на опфатот на децата Роми во основното образование, намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето, зајакнување на врските меѓу ромската заедница, родителите и училиштата и борба против социјалната исклученост.

**24.** Молиме одговорете на наводите за лошо постапување со децата со пречки во развојот во државните установи за нега, вклучително и употребата на физички ограничувања и недостаток на обезбедување на соодветна грижа. Молиме наведете информации за: (а) процедуралните заштитни мерки кои постојат со цел да се идентификуваат и истражуваат лошото постапување со децата во установите за домување, вклучувајќи го и бројот на жалби во периодот на известување и резиме на нивниот исход; (б) како се обезбедува дека жртвите на малтретирање во државните установи за нега можат да пристапат до правни лекови, вклучително и компензација, психо-социјална поддршка и гаранција за неповторување; (в) како државата членка ќе спречи идна институционална злоупотреба на децата со попреченост, вклучително и преку имплементација на Националната стратегија за деинституционализација 2018–2027 година.

Во законодавство на РСМ се гарантира кривично-правна заштита и право на преставка пред НП и КЗД за заштита на правото на дете од лошо постапување.

Согласно Законот за Народниот правобранител, НП е овластен да ги штити правата на граѓаните како поединци, а во тие рамки и правата на децата гарантирани со меѓународните акти ратификувани во согласност со Уставот, кои претставуваат дел од внатрешниот правен поредок.

Претставка може да поднесе детето лично, родителот или старателот во име на детето и некое друго лице, орган или организација кои ќе дојдат до сознанија дека е повредено правото на детето. Кога НП ќе констатира дека се повредени уставните и законските

права на детето може да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицата кои сметаат дека претрпеле дискриминација можат да поднесат претставка до КЗД. Со писмено мислење а по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото.

Во изминатите три години активно и посветено се имплементира Националната Стратегија за Деинституционализација. Установите кои обезбедуваа резиденцијална грижа за децата веќе се трансформирани и во нив повеќе нема сместени деца без родителска грижа и деца со попреченост. Со оваа стратегија се реализираат активности во насока на намалување на ризиците за лошо постапување кон децата, меѓу другото и паралелно се развиваат и услуги во заедницата како ран детски развој, инклузивно образование и други соодветни услуги.

Беа воспоставени вкупно 20 мали групни домови во Скопје, Неготино, Битола, Демир Капија и Штип, во кои се сместени помеѓу три и седум деца без попреченост, односно до пет деца со попреченост. За нив е обезбедена дваесет и четри часовна грижа од стручни лица и негуватели, вклучувајќи повеќе од 40 нови вработени. За сите вработени во работата на групните домови беа обезбедени обуки за работа во вонинституционална средина и за грижа заснована на личноста на корисникот (person-centered care).

Преселбата на децата беше направена со примена на принципот на најдобар интерес и индивидуален пристап кон потребите на секое дете. Секое дете сместено во групните домови има избран матичен лекар во близина на нивното живеалиште. По потреба, вработените во групните домови обезбедуваат пристап за децата, согласно лекарските упати, до секундарната или терцијарната здравствена заштита.

Во текот на 2021 година, донесен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита со што се овозможи примена на нов модел за проценка на потребите за лица со попреченост во согласност со Меѓународната класификација на функционирање.

Со реформата на системот на социјалната заштита која се спроведе во 2019 година, како даватели на социјални услуги покрај јавните установи, се овозможи вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата, физички лица и приватниот сектор. Во оваа насока се воведе систем на лиценцирање на даватели на социјални услуги.

Стручните работници од Центрите за социјална заштита во работата со дете изготвуваат индивидуален план во кој се определуваат мерките и активностите што се преземаат за помош на детето и членовите на неговото семејство, носителите на мерките и времето за нивно спроведување. Врз основа на реализицијата на индивидуалниот план се преземаат соодветни мерки за заштита и остварување на најдобриот интерес на детето.

Детето или неговиот законски застапник може да поднесат известување до Центарот за социјална работа и МТСП и да изразат незадоволство од постапувања на давателите на услуги. По известувањето постапува ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје со спроведување надзор над стручна работа во установата и вработените во неа и се изготвува Извештај во кој се определуваат рокови и препораки /мерки кои е потребно да се преземат за надминување на констатираните неправилности/недостатоци.

МТСП врши инспекциски надзор со цел утврдување на законитост во постапувањето на стручните лица во Центрите за соцојална работа и спроведување на постапките во законските рокови.

Во изминатите години, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје постапувал во седум случаи на претставки кои се однесуваат за деца/лица со попреченост кои користат услуги кај јавните даватели на социјални услуги. Заводот го следеше постапувањето на надлежните институции за отстранување на утврдените недостатоци и констатира дека за две деца со попреченост е овозможено нивно вклучување во образовен процес, за две лица согласно нивните индивидуални потреби е прилагодена услугата престој во дневниот центар за едно дете е овозможена здравствена грижа и за едно дете Европскиот суд за човекови права донесе пресуда со која утврди дека РСМ го повредила член 3 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи .

**Учество во јавни работи (чл. 25 - 26)**

25. Имајќи ги предвид претходните заклучни согледувања на Комитетот (став.22), молиме да дадете информации за измените на законодавната рамка со која се регулираат изборите, вклучително и одговор на наводите дека реформите, објавени во пресрет на распишување на парламентарните избори, не ги опфатија бариерите за лицата со инвалидитет и оние кои гласаат во притворските установи. Молиме наведете и дали државата членка има намера да преземе понатамошна реформа на правната рамка со која се уредуваат изборите.

КЗД на 03.12.2021 донесе општа препорака[10] со која и се препорачува на Државната изборна комисија во најкус можен рок да ги преземе сите потребни дејствија во насока на обезбедување на пристапност и соодветно приспособување на гласачките места, со што ќе се овозможи еднаков пристап на лицата со физичка попреченост до и во гласачките места ширум земјата. Овие мерки и дејствија треба да обезбедат гласачките процедури, објекти и материјали да се соодветни, пристапни и разбирливи за лицата со попреченост, со цел остварување на правото на учество во јавниот и политичкиот живот на лицата со попреченост на еднаква основа со другите.

ДИК низ своето работење постојано ја следи потребата за заштита на правата на лицата со попреченост и во согласност со законски предвидените можности континуирано презема активности за заштита на правата на лицата со попреченост. Во таа насока кампањата за гласачи се води и со знаковен јазик, седниците на ДИК се проследени со знаковен јазик, неколку изборни циклуси station наназад во употреба е браевото писмо при гласањето, ДИК за време на изборите има обезбедено посебна телефонска линија за лица со попреченост и опрема за непристапните гласачки места која по потреба се доставува на денот на избори до определено гласачко место за кое се јавила таква потреба.

Како дел од сертифицираните обучувачи, ангажирани се и лица со попреченост кои ги обучуваат изборните органи за правата на лицата со попреченост и воведен е интерактивен е-курс за инклузија на лицата со попреченост кој е јавно достапен преку веб страната на ДИК.

[10] Општа препорака за обезбедување пристапност и соодветно приспособување на гласачки места, достапна на https://kszd.mk/wp-content/uploads/2021/12/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF-%D0%B4%D0%BE-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf

**Права на малцинствата (чл. 25 и 27)**
26. Молиме: (а) опишете ги мерките што се преземени во извештајниот период со цел да се обезбеди инклузивност и мулти-етничко општество, во согласност со Охридскиот рамковен договор, вклучително и во врска со јазичниот плурализам, можноста на децата да стекнат образование на нивниот мајчин јазик, недискриминаторски пристап до јавните ресурси и политичката застапеност; (б) опишете ја постоечката правна и институционалната рамка која ги утврдува правата на етничките малцинства и спроведувањето на одредбите од Охридскиот рамковен договор; (в) одговорете на наводите дека клучните тела кои работат на овие прашања, како што е Агенцијата за остварување на правата на заедниците, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците *на* припадниците на заедниците и Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на зедниците, имаат недостиг на соодветни финансиски средства и кадар.

РСМ продолжи да ја надоградува правната рамка во согласност со Охридскиот рамковен договор. Во 2020 година беа одржани Предвремените парламентарни избори за пратеници во Собанието на РСМ и на нив гласале 943.750 гласачи или 52,02% од вкупниот број на запишани избирачи. Од вкупно 120 пратеници, во последниот парламентарен состав, 78 (65%) се Македонци, 32 (26,7%) се Албанци, 3 (2,5%) се Турци, 1 (0,8%) Роми, 2 (1,7%) се Срби, 1 (0,8%) се Бошњаци, 1 (0,8%) се Власи и 2 (1,7%) се други.

Во 2014 година Собранието на РМ ги донесе Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор. Со Член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор се уредува содржината на годишниот план за вработување при што се определува дека вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување кои се изработуваат според Методологија за планирање на вработувањата во јавниот сектор, согласно со начелото за соодветна и правична застапеност. Согласно Методологијата, Годишниот план за вработување содржи три дела при што третиот дел треба да содржи план за распределба на бројот на нови вработувања во наредната година по припадност на заедница.

По уставните измени од 2001 година и донесувањето на Законот за Народниот правобранител во 2003 година, НП ги следи состојбите на почитување на примената на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и на начелото на недискриминација во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Спроведувајќи ја Уставната и законска надлежност, НП на годишна основа спроведува истражување за степенот на имплементација на начелото на соодветна и правична застапеност кај иситуциите од јавниот сектор, кон кои надлежно постапува. Согласно Извештајот за следење на состојбата со примена на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година:

Од 2007 година до 2020 година (освен 2019 година), може да се увиди следната состојба. Застапеноста на: Македонците во јавниот сектор од 83,72% во 2007 година во 2020година е 73,3%, Албанците од 10,8% во 2007 година во 2020година 20,1%, Турците од 1,1% во 2007 година а во 2020 година е 2,1%, Ромите вработени во јавниот сектор во 2007 година изнесувала 0,8% а 2020 година нивната застапеност е 1,3%, Бошњаците во 2007 година биле застапени со 0,3% а во 2020 година со 0,5%, додека сите оние кои се декларирале како припадници на некоја друга етничка заедница која не е заведена во Преамбулата на Уставот на РСМ, застапени се со 0,6% од вкупно вработените во јавниот сектор во 2020 година.”

Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор од 2020 година е трансформиран во Министерство за политички системи и односи меѓу заедниците кој ги врши работите што се однесуваат на: функционирање на политичкиот систем, обезбедување и координација на поддршка на Владата во реализација на стратешкиот приоритет поврзан со обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор, обезбедување и реализација на финансиски средства потребни за успешно одвивање на процесот на реализација на обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор во рамките на Буџетот на РСМ и од донаторите и други надлежности уредени со Закон.

На 14 Март 2018 година донесен е Закон за употреба на јазиците:
Согласно Член 1 од овој закон на целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Во став 2 се определува дека друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните (албански јазик), исто така, е службен јазик и неговото писмо, согласно овој закон.

Во сите органи на државната власт во Република Македонија, централни институции, јавни претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон и други институции, службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо, на начин определен со овој закон. (став 3)

Во став 4 се уредува дека во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа, одлучуваат органите на единиците на локалната самоуправа.

Во Член 2 се определува дека: "Граѓаните имаат право да употребуваат било кој од наведените службени јазици и нивните писма од член 1 став (1) и (2) од овој закон, а институциите од член 1 став (3) од овој закон како и другите институции имаат обврска да им овозможат на граѓаните користење, употреба и примена на тие службени јазици и нивните писма во било која постапка како и спроведување на тие постапки на тој службен јазик и писмо. "

Во став (3) од овој член се определува опфатот на примена и институциите во кои службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо: ОЈО џкомуникацијата, употребата и примената во сите постапки на граѓаните пред сите органи кои што ја сочинуваат државната власт: Собрание на Република Македонија, Претседател на Република Македонија, Влада на Република Македонија, судство, јавно обвинителство, Уставен суд на Република Македонија, Народен правобранител на Република Македонија, во изборниот процес, образованието, науката, здравството, културата, при примената на полициските овластувања, во радиодифузната дејност, нотаријатот, извршувањето, инфраструктурните објекти, матичната евиденција, личните документи, финансиите, економијата, како и во други области

Во Член 3 се уредува дека избрани или именувани функционери на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и други институции чие седиште е во Скопје или општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, во нивната службена комуникација го употребуваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, доколку најмалку еден од избраните или именуваните функционери зборува службен јазик различен од македонскиот јазик.

Во членовите 4 и 5 се уредува употребата на јазиците во Собранието и Владата**:**

Согласно Член 4:

Во работата на Собранието на Република Македонија службен јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо, како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо.

Пратеник, избран или именуван функционер кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, на седница на Собранието на Република Македонија и седници на работни тела зборува и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија.

Пратеник, кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% граѓаните во Република Македонија кога претседава со седница на собрание или седници на работни тела, истите ги води на тој јазик.

Пратеник, избран или именуван функционер кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, материјалите навремено ги добива, односно доставува и на неговиот јазик и писмо за да послужат на седница на собрание или седници на работни тела.

Стенограмите од седница на Собранието на Република Македонија и од седници на работни тела, како и другите материјали и документи се издаваат и се чуваат на македонски јазик и неговото писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.

Сите закони и други акти донесени од страна на Собранието на Република Македонија се објавуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.
Согласно Член 5 во работата на Владата на Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.

Седниците на Владата на Република Македонија се водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Кога со седниците на Владата на Република Македонија, на комисиите, како и на Генералниот колегиум на државни секретари претседава избран или именуван функционер кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој јазик го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, истите ги води на тој јазик и писмо.

Избран или именуван функционер кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој јазик го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, на седница на Владата на Република Македонија, на комисиите и на Генералниот колегиум на државни секретари зборува и на тој јазик.

Избран или именуван функционер кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој јазик го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, материјалите навремено ги добива, односно доставува и на неговиот јазик и писмо за да му послужат на седница на Владата на Република Македонија, на комисија или на Генералниот колегиум на државни секретари.

Стенограмите од седница на Владата на Република Македонија, од седница на комисии и Генералниот колегиум на државни секретари, како и другите материјали и документи

се издаваат и се чуваат на македонски јазик и неговото писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.
Сите акти донесени од страна на Владата на Република Македонија се издаваат и објавуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.
Во членовите 6 и 7 се уредуваат обврските на институциите во примената на овој закон: Имено согласно член 6: Институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции се обврзани по службена должност да обезбедат употребата, комуникацијата и постапките да се одвиваат на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо доколку лицето, односно учесникот зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Сите одлуки и други акти, како и легитимациите кои произлегуваат од надлежноста на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции се на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо доколку лицето, односно учесникот зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Избрано или именувано лице кое зборува јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, личното име во одлуките и другите акти во рамките на надлежностите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции, го пишува на својот јазик и писмо.

Веб страниците на институциите од член 1 од овој закон и содржината на веб страниците покрај на македонскиот јазик и неговото писмо, задолжително се објавуваат и на јазикот различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.

Во Член 7 се уредува дека називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.

Во подрачните канцеларии на органите од државната администрација кои покриваат најмалку една единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот, називите на канцелариите ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Печатите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон и сите други институции со седиште во Скопје или во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Во Член 8 се уредува дека книжните и кованите пари**,** како и поштенските марки ќе содржат симболи што го претставуваат културното наследство на граѓаните што го зборуваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Поштенските марки, уплатниците, фискалните извештаи издадени од институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, фактурите од институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, бандеролите, се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Униформите на полицијата, пожарникарството, здравството, во Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик се напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.
Во членовите 9 до 12 се уредува употребата на јазиците во судските постапки, извршувањето на санкциите, постапките пред нотар и извршител и матична евиденција:
Согласно член 9 став 1:Во судските, управните, извршните постапки, постапка за извршување на санкции, предистражни и истражни постапки, кривични и прекршочни постапки, парнични и вонпарнични постапки, како и другите постапки пред судовите, јавните обвинителства како и сите други органи, тела и институции, се применува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Сите постапки од ставот (1) на овој член се водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо доколку судија, јавен обвинител, странка или друг учесник во постапката е лице кое зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Сите одлуки, писмена и други акти кои произлегуваат од постапките од ставот (1) на овој член се донесуваат и издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо доколку судија, јавен обвинител, странка или друг учесник во постапката е лице кое зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Институциите наведени во ставот (1) на овој член се обврзани да овозможат превод на сите потребни документи и материјали, како и симултан превод на излагања, изјави и рочишта во работата или постапките што се водат.

Необезбедувањето на превод на сите потребни документи и материјали, односно необезбедувањето на симултан превод за време на целиот тек на постапката претставува суштинска повреда на постапката.

Називите на институциите наведени во ставот (1) на овој член во Скопје и во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Во институциите наведени во ставот (1) на овој член со седиште во подрачје кое опфаќа повеќе основни судови од кои најмалку еден од нив се наоѓа во единица на локална самоуправа во кое се зборува службен јазик различен од македонскиот, а кој го зборуваат 20% од граѓаните на Република Македонија, називите исто така ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Трошоците што настануваат од преведувањето за странките и учесниците во постапката, како и трошоците за судски преведувач што настануваат со примена на одредбите на овој закон, паѓаат на товар на средствата на институциите наведени во ставот (1) на овој член.

Во постапките пред нотар, нотарските исправи и заверки може да се издаваат на македонски јазик и неговото писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо.

Во постапките пред извршител доколку учесник е лице кое го зборува јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, налозите, заклучоците, записниците, службените белешки и другите акти на извршителите се издаваат на македонски јазик и неговото писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо.

Институциите надлежни за управување со институциите за извршување на санкции, како и самите институции надлежни за извршување на санкции се обврзани во комуникацијата и постапките да го применуваат македонскиот јазик и неговото писмо, како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо доколку лицето за кое станува збор зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Институциите надлежни за управување со институциите за извршување на санкции како и институциите надлежни за извршување на санкции се обврзани да овозможат лицата кои се наоѓаат во овие институции да се обратат и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Матичните евиденции во Скопје и единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот се водат и на службениот јазик кој го зборува граѓанинот.

Решенијата, изводите, потврдите како и другите акти се издаваат и на службениот јазик кој го збори граѓанинот.

Личните документи и патните исправи на граѓаните кои зборуваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, по службена должност се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Во членовите 13 и 14 се уредува употребата на јазиците при издавање на лична карта и образци на патни и други исправи:

Согласно член 13: На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Република Македонија, образецот на личната карта се печати и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Република Македонија, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат на личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Република Македонија, на нивно барање, образецот на патната исправа и патниот лист се печати и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Република Македонија, на нивно лично барање, податоците кои се внесуваат во патната исправа и во патниот лист се запишуваат и на тој јазик и писмо.

На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Република Македонија, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во патната исправа се запишуваат и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

Во член 15 се уредува дека на седниците на Државната изборна комисија и Општинските изборни комисии во Скопје и единиците на локална самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, при спроведување на изборите во работата и постапките на сите комисии, и други тела и институции подеднакво се користат, употребуваат и применуваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Согласно член 16: "Име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект во сите единици на локалната самоуправа каде што најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, како и во Скопје се пишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на јазиците што се општоприфатени од меѓународната заедница. "

На граничните премини на Република Македонија и аеродромите кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот јазик називите на институциите, другите натписи и патокази се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Сите закони, подзаконски акти, одлуки и огласи од институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон кои што се објавуваат во Службен весник на Република Македонија се објавуваат на македонскиот јазик и неговото писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Заради остварување на целите на овој закон, промовирање, заштита и воедначена примена на службениот јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо се основа Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, со својство на правно лице, надлежна за стандардизирање и воедначена употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо со помошни тела за поддршка на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции.(Член 18)

Согласно член 20: "За надзорот над целосно и доследно спроведување на одредбите на овој закон кои се однесуваат на употребата на јазиците, се формира Инспекторат за употреба на јазиците во состав на Министерството за правда со својство на правно лице. "

Владата на Република Македонија и сите институции надлежни за спроведување на одредбите од овој закон, ќе донесат мерки за промовирање на примената на сите службени јазици, како и за гарантирање на заштитата на јазиците на другите заедници чиј мајчин јазик не е службен јазик. (Член 21)

Имајќи го предвид член 20 од овој закон, на 21 Октомври 2019 година донесен е Закон за инспекторат за употреба на јазиците.

Со овој закон се уредуваат надлежноста, организацијата и постапките на инспекцискиот надзор на инспекторатот. Цел на овој закон е организирање на ефикасен систем на инспекциски надзор над спроведување на Амандманот V од Уставот на РСМ, како и на одредбите од Законот за употреба на јазиците на територијата на Република Северна Македонија.

Работите на инспекцискиот надзор од областа на примената на Амандманот V од Уставот на Република Северна Македонија и на одредбите од Законот за употреба на јазиците ги врши Инспекторатот за употреба на јазиците како орган во состав на Министерството за правда. Инспекторатот има својство на правно лице.

Надзорот опфаќа: надзор над примената на Законот за употреба на јазиците во постапките пред институциите, надзор над називите и печатите на институциите, надзор над имињата на инфраструктурните објекти, надзор над објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" на законите, подзаконските акти, одлуките и огласите и други работи определени со закон, а кои се однесуваат на примената на Законот за употреба на јазиците. Инспекцискиот надзор се спроведува согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор.

Во 2020 година се донесе Закон за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија. Со овој закон се уредува остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РСМ загарантирани со Уставот на РСМ, како и надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и законите со кои се утврдени тие права.

Остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците, согласно со овој закон особено се однесува во областите на заштита на правата на заедниците, нивниот идентитет, употребата на јазикот и писмото, образованието (основно, средно и високо), културата, медиумите и вработувањето согласно со начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците како и други области во кои со закон се уредени правата на припадниците на заедниците

За остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РСМ загарантирани со Уставот на РСМ, како и надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и законите со кои се утврдени тие права е надлежна Агенцијата за остварување на правата на заедниците како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, со седиште во Скопје.

Во РСМ во основните и средните училишта се изучува настава на македонски, албански, турски и српски наставен јазик. Согласно концепцијата за деветгодишно основно образование, ромската заедница го изучува својот мајчин јазик преку изборниот предмет:Јазик и култура на Ромите, од трето до деветто одделение во пет општини: Скопје: Шуто Оризари, Чаир, Штип, Куманово и Кичево, а наставата моментално ја следат над 2200 ученици Роми.

МОН во рамките на проектот бесплатни учебници за сите, во текот на учебната 2010/11 година за прв пат обезбеди учебници на ромски јазик за изборниот предмет:Ромски јазик и култура за трето, четврто и петто одделение. Изучувањето на мајчиниот јазик како изборен предмет: Ромски јазик и култура е проследено со тешкотии поради недостиг на квалификуван кадар за квалитетна настава.

Заклучно со јуни 2022 година вкупниот број на запишани деца Роми во детските градинки на национално ниво изнесува 462 деца од вкупен број на деца вклучени во детски градинки 36.711 деца што е 1,25 % .

Врз основа на препорака од Влада на РСМ за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик со поддржано учество на единиците на локална самоуправа и во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование до крајот на второто полугодие на учебната 2021/2022 година, вклучени се 247 деца Роми од семејства кои се социјален ризик во 20 градинки.

Користени закони:

- Устав на РСМ(Службен весник на РМ бр.52/91,1/92,31/98,91/2001,84/2003,107/2005,3/2009,49/2011 и 6/2019),
- Закон за употреба на јазиците(“Службен весник на РМ” бр.7/2019),
- Закон за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РСМ (“Службен весник на РСМ” бр. 18/20),
- Закон за административни службеници (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020; 112/2020; 215/2021; 99/2022),
- Закон за прекинување на бременост (“Службен весник на РСМ” бр.101/2019),
- Законот за спречување на корупција и судир на интереси. (“Службен весник на РСМ”бр.12/2019),
- Законот за заштита на укажувачи(“Службен весник на РМ”бр.28/2015),
- Закон за лобирање (“Службен весник на РСМ”бр.122 /2021),
- Законот за заштита на населението од заразни болести (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 66/2004,139/2008, 99/2009, 86/2011, 149/2014, 150/2015, 37/2016 и 257/2020),
- Законот за управување со кризи(редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 29/2005; 36/2011; 41/2014; 104/2015; 39/2016; 83/2018; 215/2021),
- Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (“Службен весник на РСМ” бр.247/22),
- Законот за судовите (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 58/2006; 62/2006; 35/2008; 61/2008; 118/2008; 16/2009; 150/2010; 39/2012; 83/2018; 198/2018; 96/2019),
- Законот за Судскиот совет на Република Македонија (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РМ" бр. 60/2006; 69/2006; 150/2010; 100/2011; 20/2015; 61/2015; 197/2017; 83/2018),
- Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група (“Службен весник на РМ”, бр.113/2007),
- Законот за спречување и заштита од дискриминација (“Службен весник на РСМ”, бр.258/2020),
- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 184/2013; 13/2014; 44/2014; 101/2014; 132/2014; 13/2016; 142/2016; 132/2017; 168/2018; 248/2018; 27/2019; 154/2019; 42/2020; 90/2020; 140/2020; 2/2021; 48/2021; 77/2021),
- Закон за следење на комуникациите(Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 71/2018; 108/2019),
- Закон за оперативно техничка агенција(“Службен весник на РМ” бр. 71/2018 и Службен весник на РСМ бр.98/2019),
- Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19,153/19 и 92/21),
- Законо за Агенција за национална безбедност( “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 108/2019)
- Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (“Службен весник на РСМ“, број 24/21),
- Законот за меѓународна и привремена заштита (“Службен весник на РМ”, бр. 64/18),
- Законот за странците ("Службен весник на РМ”, бр. 97/18 и “Службен весник на РСМ”, бр. 108/19 ),

- Законот за внатрешни работи („Службен весник на РМ“, бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18, “Службен весник на РСМ”, бр. 108/19, 275/19, 110/21, и 89/22 ),
- Закон за полиција ("Службен весник на РМ”, бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и “Службен весник на РСМ”, бр. 294/21 и 89/22),
- Закон за социјалната заштита (“Службен весник на РСМ“, бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22),
- Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“, бр. 42/20 и 294/21),
- Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета беше донесен во ноември 2022 година (“Службен весник на РСМ“ бр. 251/22).
- Закон за основно образование (“Службен весник на РСМ”, бр. 161/19 и 229/20)
- Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените („Службен весник на РСМ„ бр. 42/2020 и 178/21),
- Закон за управување со кризи (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РМ" бр. 29/2005, 36/2011, 41/2014,104/2015, 39/2016, 83/2018 и "Службен весник на РСМ" бр. 215/2021)),
- Закон за јавното обвинителство ("Службен весник на РСМ”, бр. 42/20)
- Законот за извршување на сакциите (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 99/2019; 220/2019; 95/2020; 236/2022),
- Закон за кривичата постапка (редакциски пречистен текст: "Службен весник на РМ" бр. 150/2010, 100/2012,142/2016, 193/2016 и 198/2018),
- Законот за меѓународна и привремена заштита (“Службен весник на РМ”, бр. 64/18),
- Кривичен Законик ("Службен весник на РМ”, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11-3, 51/11-79, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18).

**ПРИЛОГ 1**

**ИЗАДОК од ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ од Народен Правобранител од спроведеното истражување за состојбата со семејното насилство во Р.С. Македонија во 2019 година и од јануари до мај 2020 година**

Во однос **на бројот на сторители на семејно насилство** податоците укажуваат дека во 2019 година имало 256 сторители, а во 2020 година, само за 5 месеци се евидентирани 116 случаи.

Податокот за **вкупниот бројот на сторители на семејно насилство според пол** (прикажано на графикот подолу) укажува на тоа дека **мажите за 8-9 пати повеќе се јавуваат како сторители на семејно насилство во однос на жените.** Во текот на 2019 година мажите се јавуваат како сторители на семејно насилство во 228 случаи, а жените во 28, што е 8 пати повеќе, а во периодот јануари-мај 2020, овој соодност помеѓу мажите и жените сторители е приближно 9 пати

Според податоците од Основните судови, **во текот на 2019 година евидентирани се 272 жртви на семејно насилство, и 117 во периодот јануари-мај 2020 година.**

Податоците за **вкупниот број на жртви на семејно насилство според пол**, прикажани на графиконот во продолжение укажуваат дека **жените за околу три пати повеќе се јавуваат повеќе жртви во споредба со мажите.**



Анализата на **вкупниот број на жртви на семејно насилство според возраст** покажува дека во 2019, како и во периодот на истражување за 2020 година, возрасните лица најмалку десет пати повеќе се жртви на семејно насилство во споредба со децата. Видно од графиконот поддолу, во 2019 бројот на возрасни жртви на семејно насилство изнесува 257, а во јануари-мај 2020 имало 104 возрасни жртви. Додека, **во двата истражувачки периоди бројот на децата жртви на семејно насилство изнесува 21 односно 10.**




**За двата испитувани периоди најмногу постапки се покренати за телесно/физичко насилство, (вкупно 265 постапки), потоа за психичко (вкупно 35 постапки), како и постапки за родово базирано насилство (вкупно 32**.

За сексуално насилство не е покрената ниту една постапка, ниту во 2019 ниту во истражувачкиот приод за 2020 година. **Во периодот март - мај (за време на вонредната состојба), најмногу постапки биле покренати за телесно/физичко насилство (22), за родово засновано насилство (9), и за психичко насилство (7).**

Од графикот се забележува дека **најмногу пресуди – Условна осуда и за двата периоди се донесени за телесно/физичко насилство (вкупно 122), потоа за родово засновано насилство (вкупно 18), и за психичко насилство (вкупно 11)**



За **вкупниот број на донесени осудителни пресуди - Казна затвор според видот на семејното насилство**, а кои се започнати и завршени во 2019 година, односно во период јануари- мај 2020 податоците презентирани на следниот график, од кој може да се забележи **дека за телесно/физичко насилство се донесени најмногу пресуди – Казна затвор (вкупно 31), по што следуваат изречените казни затвор за родово засновано насилство (вкупно 6), и 2 за психичко насилство.**



Од податоците од Основните судови за **вкупниот број на пресуди казна затвор – правосилни и извршни според видот на насилство евидентирани во основните судови**, се заклучува дека **во 2019 година има вкупно 34 започнати и завршени казни за телесно/физичко насилство и 3 казни психичко насилство, додека казни за сексуално и родово засновано насилство воопшто не се евидентирани. За периодот во 2020 година, има вкупно 4 започнати и завршени казни за телесно/физичко насилство, 2 казни психичко насилство, додека казни за сексуално и родово засновано насилство воопшто не се евидентирани. Во двата истражувачки периоди вкупно се донесени 10 ослободителни пресудни од страна на Основните судови и тоа 9 во 2019 и 1 во истражувачкиот период за 2020 година**. 5 ослободителни пресуди се донесени поради тоа што делото за кое се обвинува не е кривично според Закон, и 5 по основ на тоа што Јавниот обвинител или тужителот не докажал дека обвинетиот го сторил делото. Од продлабочената анализа на видот на донесените пресуди од Основните судови за кривичните дела – семејно насилство, произлегува дека **во дури 75% од случаите, пресудите се условни осуди, додека во 20% од случаите се изрекува казна затвор, а во многу помал процент (само 5%) се донесува ослободителна пресуда.** Констатацијата дека се изречени дури 151 условна осуда. За вакви сериозни кривични дела укажува на фактот дека судовите имаат тенденција за поблаго осудување на сторителите (со условна осуда) што дополнително загрижува особено надоврзано со фактот дека мал број на казни затвор се отпочнати со извршување. Податоците за тоа колкав е **вкупниот број на донесени одбивателни пресуди** за сторени кривични дела се прикажани на графиконот подолу, од кој може да се види дека **најголем број на одбивателни пресуди се донесени поради тоа што тужителот од започнување до завршување на главната расправа се откажал од обвинението во 21 случај).**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ВКУПЕН БРОЈ НА ОБВИНЕТИ И ОСУДЕНИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

### 2015година

За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе во текот на 2015 година, во Основен Суд Скопје 1 Скопје се примени вкупно 161 предмети, во кои како обвинети се јавуваат 201 лица. Од обвинетите лица, 197 се мажи и 4 жени. Во текот на 2015 година вклучувајќи ги предметите примени од претходните години, казна затвор е изречена на вкупно 175 лица, од кои 171 се мажи и 4 жени.

Во текот на 2015 година донесена е пресуда со која на едно лице вработено во Министерството за внатрешни работи му е изречена казна затвор во траење од 4 години.

### 2016 година

За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција во текот на 2016 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 91 предмет, во кои како обвинети се јавуваат 106 лица, од кои завршени се 83 предмети и обвинети се 99 лица. Од обвинетите лица, 96 мажи и 3 жени.

Во текот на 2016 година, вклучувајќи ги предметите примени од претходните години, казна затвор по 69 предмети изречена на вкупно 85 лица, додека условна пресуда е изречена по 14 предмети на 14 лица.

Времетраењето на досудените казни затвор се движат од 8 месеци до 18 години. Ефективно спроведени во затвор се вкупно 47 лица. Извршена е конфискација на предмети во 72 пресуди, а во 5 предмети се одземени парични средства. Не е донесена пресуда што резултира со затварање на бизнис или организација што се користела за извршување на трговија со луѓе.

**2017 година**

За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција во текот на 2017 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 41 предмет, во кои обвинети се јавуваат 53 лица, од кои завршени се 43 предмети и обвинети се 43 лица.

Во текот на 2017 година, вклучувајќи ги предметите примени од претходните години, казна затвор по 33 предмети изречена е на 33 лица, додека условна пресуда е изречена по 3 предмети на 3 лица.

Времетраењето на досудените казни затвор се движат од 8 месеци до 15 години. Ефективно спроведени во затвор се вкупно 47 лица. За наведените кривични дела како обвинето лице се јавува едно лице како Државен службеник при Влада на Република Македонија.

Извршена е конфискација на имот и имотна корист во еден предмет (пресуда), додека во 18 предмети (пресуди) одземени се предмети. Не е донесена пресуда што резултира со затварање на бизнис што се користел за извршување на трговија со луѓе.

**2018 година**

За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција во текот на 2018 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 60 предмети, во кои обвинети се јавуваат 82 лица, од кои завршени се 48 предмети и обвинети се 66 лица.

Во текот на 2018 година, казна затвор по 10 предмети изречена е на 20 лица, додека условна пресуда е изречена по 13 предмети на 20 лица.

Времетраењето на досудените казни затвор се движат од 1 до 6 години. За наведените кривични дела како обвинето лице во правосилните одлуки се јавува едно лице, Државен службеник при Влада на Република Македонија.

Структурата на обвинетите лица во однос на лицата кои се со правосилна пресуда, за чл. 418-а тројца обвинети се од машки пол од кои две лица се од албанска националност и едно лице од друга националност. Што се однесува на чл. 418-б од вкупниот број на обвинети (36 се машки и 2 се женски лица), 15 лица се од албанска националност, 5 се македонци, 5 роми, 4 бугари, 3 туци, 2 бошњаци и 4 лица се од друга националност.

Извршена е конфискација на 150 евра и 1620 денари, и одземени се 2500 евра и 200 денари. Во извештајниот период не е донесена пресуда што резултира со затварање на бизнис што се користел за извршување на трговија со луѓе.

**2019 година**

За кривичните дела поврзани со ТЛ и илегалната миграција во текот на 2019г, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 58 предмети, во кои обвинети се 123 лица, од кои завршени се 55 предмети и обвинети се 96 лица.

Во текот на 2019г, правосилни предмети се 44 во кои казна затвор е изречена на 50 лица, додека условна пресуда е изречена на 33 лица, а запрена е постапката за 1 лице. Времетраењето на правосилните казни затвор се движат од 1 до 13 години.

Структурата на обвинетите лица според националната припадност, пол и образование: најголем број албанци – 54 лица, македонци – 35 лица, турци – 26 лица, роми - 5 лица, бугари – 1 лице, и од други националности 2 лица. Од вкупниот број на обвинети лица 121 се од машки пол додека 2 се жени. Во однос на степенот на образование најголем број се со средно образование односно 51 лице, потоа 40 лица се основно образование и 1 лице е со високо образование, за 31 лица степенот на образование е непознат.

Во извештајниот период не е донесена пресуда што резултира со затварање на бизнис што се користел за извршување на ТЛ, ниту пак со конфискација на имот или парични средства.

**2020 година**

За кривичните дела поврзани со ТЛ и ИМ во текот на 2020 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје примени се вкупно 88 предмети, во кои се обвинети 137 лица, од кои завршени се 54 предмети и обвинети се 98 лица.

Во 2020 година, правосилни предмети се 54 во кои казна затвор е изречена на 66 лица, додека условна пресуда е изречена на 30 лица. Времетраењето на правосилните казни затвор се движат од 1 до 7 години затвор

Во извештајниот период не е донесена пресуда што резултира со затварање на бизнис што се користел за извршување на ТЛ, ниту пак со конфискација на имот или парични средства.

**2021 година**

За кривичните дела поврзани со ТЛ и ИМ во текот на 2021г., во Основен Суд Скопје 1- Скопје примени се вкупно 64 предмети, во кои се обвинети 91 лице.

Во 2021г., правосилни предмети се 76 во кои казна затвор е изречена на 78 лица, додека условна пресуда е изречена на 22 лица. Времетраењето на правосилните казни затвор се движат од 1 до 12 години затвор.

Во извештајниот период, донесени се три пресуди што резултираат со мерка конфискација на имот и предмети, односно во трите предмети одземени се парични средства од сторителите.

Нема пресуди кои резултираат со затварање на бизнис или организација.

# Прилог 2

Преглед на покренати истраги, обвиненија и пресуди за делата на трговија со луѓе[1]

2015година
За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и криумчарење на мигранти во текот на 2015 година, во Основен Суд Скопје 1 Скопје се примени вкупно 161 предмети, во кои како обвинети се јавуваат 201 лица. Во текот на 2015 година вклучувајќи ги предметите примени од претходните години, казна затвор е изречена на вкупно 175 лица.
Во текот на 2015 година донесена е пресуда со која на едно лице вработено во Министерството за внатрешни работи му е изречена казна затвор во траење од 4 години.

2016година
За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција во текот на 2016 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 91 предмет, во кои како обвинети се јавуваат 106 лица, од кои завршени се 83 предмети и обвинети се 99 лица. Од обвинетите лица, 96 мажи и 3 жени.
Во текот на 2016 година, вклучувајќи ги предметите примени од претходните години, казна затвор по 69 предмети изречена на вкупно 85 лица, додека условна пресуда е изречена по 14 предмети на 14 лица. Времетраењето на досудените казни затвор се движат од 8 месеци до 18 години.

2017година
За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција во текот на 2017 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 41 предмет, во кои обвинети се јавуваат 53 лица, од кои завршени се 43 предмети и обвинети се 43 лица.
Во текот на 2017 година, вклучувајќи ги предметите примени од претходните години, казна затвор по 33 предмети изречена е на 33 лица, додека условна пресуда е изречена по 3 предмети на 3 лица. Времетраењето на досудените казни затвор се движат од 8 месеци до 15 години. За наведените кривични дела како обвинето лице се јавува едно лице како Државен службеник при Влада на Република Македонија.

2018година
За кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција во текот на 2018 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 60 предмети, во кои обвинети се јавуваат 82 лица, од кои завршени се 48 предмети и обвинети се 66 лица.
Во текот на 2018 година, казна затвор по 10 предмети изречена е на 20 лица, додека условна пресуда е изречена по 13 предмети на 20 лица.
Времетраењето на досудените казни затвор се движат од 1 до 6 години. За наведените кривични дела како обвинето лице во правосилните одлуки се јавува едно лице, Државен службеник при Влада на Република Македонија.

2019година
За кривичните дела поврзани со ТЛ и илегалната миграција во текот на 2019г, во Основен Суд Скопје 1- Скопје се примени вкупно 58 предмети, во кои обвинети се 123 лица, од кои завршени се 55 предмети и обвинети се 96 лица.
Во текот на 2019г, правосилни предмети се 44 во кои казна затвор е изречена на 50 лица, додека условна пресуда е изречена на 33 лица, а запрена е постапката за 1 лице. Времетраењето на правосилните казни затвор се движат од 1 до 13 години.

---

[1] За податоците од овој преглед се користени Годишните извештаи за работа на Национално Координативно тело за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

2020година
За кривичните дела поврзани со ТЛ и ИМ во текот на 2020 година, во Основен Суд Скопје 1- Скопје примени се вкупно 88 предмети, во кои се обвинети 137 лица, од кои завршени се 54 предмети и обвинети се 98 лица.
Во 2020 година, правосилни предмети се 54 во кои казна затвор е изречена на 66 лица, додека условна пресуда е изречена на 30 лица. Времетраењето на правосилните казни затвор се движат од 1 до 7 години затвор

2021година
За кривичните дела поврзани со ТЛ и ИМ во текот на 2021г., во Основен Суд Скопје 1- Скопје примени се вкупно 64 предмети, во кои се обвинети 91 лице.
Во 2021г., правосилни предмети се 76 во кои казна затвор е изречена на 78 лица, додека условна пресуда е изречена на 22 лица. Времетраењето на правосилните казни затвор се движат од 1 до 12 години затвор.